4) дестилираните ароматични води и водените раствори на етерични масла, за употреба во медицината (тар. бр. 33.05);

5) сите видови средства за нега на забите, вклучувајќи ги и оние со профилактички и терапеутски својства, а што спаѓаат во тар. бр. 33.06;

6) медицинските сапуни од тар. бр. 34.01;

7) дезинфициенсите, инсектицидите и слични производи од тар. бр. 38.11, што не се предвидени како средства за надворешна или внатрешна употреба со цел за лекување.

3. Во тар. бр. 30.05 спаѓаат:

1) стерилен кетгут и други стерилни хируршки материјали за шиење;

2) стерилна ламинарија;

3) стерилни тампони за запирање на крвавење, во хирургијата и забарството;

4) рентгенски контрастни и дијагностички средства за примена на болните (освен оние од тар. бр. 30.02) ако се во прашање дозирани мешани или немешани производи;

5) забарски цементи и други средства за полнење на заби;

6) сандачиња и торби за прва помош.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 30.01 | Жлезди и други органи за опотерапеутски потреби, сушени, во прав, екстракти од жлезди или други органи за опотерапеутски потреби, или нивни секреции; други животински материи приготвени за терапеутски или профилактични потреби на друго место неспоменати: | | |
| | 1) Extractum hepatis siccum, spissum, fluidum; екстракт од говедска жолчка; екстракт на плацента, хипофиза во прав, pilorus во прав, Pituitrin solutio, натриумов холат, сурови жолчни киселини, пептон, јад пептон Thireoidea, протамин — — — — — — — | 76 | 60 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 5 | Сл. |
| 30.02 | Серуми од имунизирани животни или луѓе; микробиолошки вакцини, токсини и култури на микроби (вклучувајќи ги и ферментите, но исклучувајќи ги квасците) и други слични производи — — — — | 36 | 26 |
| 30.03 | Готови лекови, па и ветеринарни: | | |
| | 1) Со лекарски рецепт — — — | 5 | Сл. |
| | 2) Без лекарски рецепт — — — | 42 | 30 |
| | Забелешка: Сојузниот секретаријат за финансии може да ги ослободи од плаќање на царина готовите лекови што ќе ги предложи Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика. Ослободувањето се однесува на готовите лекови во смисла на важечките прописи за готовите лекови. | | |
| 30.04 | Вата, газа, ленти и слични предмети (завои, фластери, фластери од синап, итн.) импрегнирани или преслечени со фармацеутски материи или пригодени за продажба на мало за медицински и хируршки потреби, освен производите спомената во тар. бр. 30.05 — — — — | 42 | 30 |
| 30.05 | Други фармацеутски производи и предмети — — — — — — — | 42 | 30 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|

**Глава 31 — Губрива***

Забелешки:

1. Тар. бр. 31.02 ги опфаќа само следните производи, ако тие не се изработени во форми или пакувања опишани во тар. бр. 31.05, и тоа:

а) производите што му одговараат на некој од наведените описи:

1) натриум нитрат, ако не содржи повеќе од 16% азот;

2) амониум нитрат, чист или не;

3) амониум сулфонитрат, чист или не;

4) амониум сулфат, чист или не;

5) калциум нитрат, ако не содржи повеќе од 16% азот;

6) калциум-магнезиум нитрат, чист или не;

7) калциум цијанамид, ако не содржи повеќе од 25% азот, обработен со масло или не;

8) карбамид, ако не содржи повеќе од 45% азот;

9) варов амониум нитрат, ако не содржи повеќе од 25% азот;

б) ѓубрињата што се состојат од измешани производи наведени во оваа забелешка под а). Наведените гранични вредности на активната супстанција за одделни производи овде не се земаат предвид;

в) ѓубрињата што се состојат од амониум хлорид ли други производи наведени во оваа забелешка под а) и б) измешани со калциум карбонат, гипс или други неоргански материи што немаат особина на ѓубриња, исто така без оглед на соодветните наведени гранични вредности на активната супстанција;

г) течните ѓубриња што се состојат од производи наведени во оваа забелешка под а) под 2 или под 8, или од смес на тие производи, во воден раствор или во течен амонијак.

2. Тар. бр. 31.03 ги опфаќа само следните производи, ако тие не се изработени во форми или пакувања наведени во тар. бр. 31.05, и тоа:

а) производите што му одговараат на некој од долу наведените описи:

1) Томасова згура;

2) калцинирани калциум фосфати (термофосфати и топени фосфати) и термички обработени природни калциум-алуминиум фосфати;

3) суперфосфати (прости, дупли и трипли);

4) дикалциум фосфат кој не содржи помалку од 0,2% флуор;

5) сурови фосфати;

6) хиперфосфат;

б) ѓубрињата што се состојат од производи опишани во оваа забелешка под а), измешани меѓусебно. Граничните вредности на активната супстанција за овие производи овде не се земаат предвид;

в) ѓубрињата што се состојат од производи опишани во оваа забелешка под а) и б) измешани со калциум карбонат, гипс или со други неоргански материи што немаат особини на ѓубриња, исто така без оглед на граничните вредности назначени за овие производи.

3. Тар. бр. 31.04 ги опфаќа само следните производи, ако тие не се изработени во форми или пакувања опишани во тар бр. 31.05:

а) производите што му одговараат на некој од долу наведените описи:

* На стоките од оваа глава може да се примени членот 15 од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа.

1) сурови природни калиумови соли (на пример: карналит, каинит, силвинит и други);

2) сурови калиумови соли добиени со обработка на остатоци на меласа од шеќерна репка;

3) калиум хлорид, чист или не, освен оној што е предвиден во забелешката 7 под 3);

4) калиум сулфат кој не содржи повеќе од 52% $K_2O$;

5) калиум — магнезиум сулфат кој не содржи повеќе од 30% $K_2O$;

б) ѓубрињата што претставуваат смес на производи опишани во оваа забелешка под а), без оглед на граничните вредности на содржината на активна супстанција наведени за тие производи.

4. Амониум фосфатот кој не содржи помалку од 6 милиграми арсеник на 1 килограм, спаѓа во тар. бр. 31.05.

5. Во забелешките 1 под а), 2 под а), 3 под а) и 4 од оваа глава, наведените гранични вредности на содржината на активна супстанција се однесуваат на тежината на производите во сува состојба.

6. Тар. бр. 31.05 опфаќа мешани и комплексни ѓубриња што се состојат од производи наведени под тар. бр. 31.02, 31.03 и 31.04, и тоа независно од меѓусебните квантитативни односи на азотот, фосфорот и калиумот.

7. Оваа глава не опфаќа:

1) животинска крв од тар. бр. 05.15;

2) изолирани хемиски определени соединенија (освен оние што се наведени во забелешките 1 под а), 2 под а), 3 под а) и 4 од оваа глава);

3) вештачки кристали на калиум хлорид (освен оптичките елементи) што поединечно тежат 2,5 грама или повеќе — од тар. бр. 38.19; оптички елементи на калиум хлорид (тар. бр. 90.01).

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 31.01 | Гуано и други животински или билни природни ѓубриња, па и меѓу себе измешани, но хемиски непреработени — — — — — | 2 | Сл. |
| 31.02 | Азотни (минерални или хемиски) ѓубриња — — — — — — — | 14 | 10 |
| 31.03 | Фосфорни (минерални или хемиски) ѓубриња: | | |
| | 1) Суперфосфати — — — — — | 20 | 15 |
| | 2) Томасова згура врз база на 16% $P_2O_5$ — — — — — — — | 20 | 15 |
| | 3) Хиперфосфат — — — — — | 20 | 15 |
| | 4) Сурови фосфати — — — — | 2 | Сл. |
| | 5) Друго — — — — — — — | 20 | 15 |
| 31.04 | Калиумови (минерални или хемиски) ѓубриња — — — — — | 2 | Сл. |
| 31.05 | Други ѓубриња; производи од оваа глава приготвени во таблети, пастили и други слични форми или во завои до најмногу 10 kg: | | |
| | 1) Мешани ѓубриња — — — — | 20 | 15 |
| | 2) Комплексни — — — — — | 20 | 15 |
| | 3) Други — — — — — — — | 20 | 15 |

**Глава 32 — Екстракти за штавење и бојосување; танини и нивни деривати; бои; премачкувачки средства; лакови и средства за бојосување; китови; мастила**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) производи од определен хемиски состав што се одвоено искажани, освен оние што спаѓаат во тар. бр. 32.04 или 32.05, неоргански производи слич-

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|

ни на оние што се употребуваат како луминофори (тар. бр. 32.07), како и бои во форми и пакувања годни за продажба на мало, од тар. бр. 32.09;

2) протеински деривати на танин од тар. бр. 35.01 до 35.04.

2. Тар. бр. 32.05 опфаќа и смесови на стабилизирани соли од дијазониум и на споеви за соединување за производство на нерастворливи азоични обоени материи при бојосување на влакна.

3. Во тар. бр. 32.05, 32.06 и 32.07 спаѓаат и препаратите врз база на синтетички органски бои, лаковите и други средства за бојосување, што се употребуваат за бојосување на вештачки пластични маси, каучук и слични материи или што се употребуваат како смес за препарати за печатење текстил. Овие тарифни броеви не опфаќаат приготвени пигменти што се наоѓаат во тар. бр. 32.09.

4. Тар. бр. 32.09 опфаќа и раствори (освен на колодиум), што се состојат од производи специфицирани во тар. бр. 39.01 до 39.06 во испарливи органски растворувачи, но само ако учеството на растворувачите во вкупната тежина на растворот ја надминува тежината од 50%.

5. Изразите „бои односно материи за бојосување" што се употребуваат во оваа глава не ги опфаќаат производите што при сликање со маслени бои се користат како средство за шатирање, ниту оние што можат да се користат — во својство на обоени пигменти — за сликање со водени бои.

6. Изразот „фолии за печат" во тар. бр. 32.09, се однесува само на тенки ливчиња што се употребуваат за обележување по пат на втиснување, како што е случај кај корици односно подврски, кожени ленти и други постави во шапки и сл., кога тие се изработени:

1) од неопиплив метален прав (вклучувајќи го и правот од благородни метали) или од пигменти поврзани со лепило, желатин или со други средства за врзување;

2) од неопиплив метален прав (вклучувајќи го и правот од благородни метали) или од пигменти положени на лист што служи како подлога, и тоа без оглед од каква материја е.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 32.01 | Екстракти за штавење, од растително потекло: | | |
| | 1) Од костен и даб — — — — | 45 | 35 |
| | 2) Од мимоза и квебрач — — — | 14 | 10 |
| | 3) Други — — — — — — — — | 36 | 26 |
| 32.02 | Танини (танински киселини), вклучувајќи го водениот екстракт од галски орев, и нивни соли, етри, естри и други деривати — — — | 36 | 26 |
| 32.03 | Синтетички материи за штавење, па и измешани со природни материи за штавење (врз база на ензими, панкреаси, бактерии итн.): | | |
| | 1) Синтетички тянински производи | 14 | 10 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 20 | 15 |
| 32.04 | Материи за бојосување, од растително потекло (вклучувајќи ги екстрактите од дрво, за бојосување и другите растителни екстракти за бојосување, освен индиго) и материи за бојосување, од животинско потекло — — — — — — — — | 36 | 26 |
| 32.05 | Синтетички органски материи за бојосување; синтетички органски производи што се употребуваат како луминофори; производи за оптичко бојосување што дејствуваат врз влакното; индиго природно: | | |
| | 1) Органски бои и органски пигменти — — — — — — — — | 36 | 26* |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 36 | 26 |
| 32.06 | Лакови за бојосување — — — | 20 | 15 |
| 32.07 | Други средства за бојосување; неоргански производи што се употребуваат како луминофори — — | 20 | 15 |
| 32.08 | Приготвени пигменти, приготвени премачкувачки средства, приготвени бои, стаклести емајли и глазури, течни глеѓави и слични производи од сите видови што се употребуваат во керамичката, емајлната и стакларската индустрија; ливчиња за превлекување, испукано стакло и други стакла во прав, во гранули или во лушпички | 20 | 15 |
| 32.09 | Лакови; водени бои и водено-пигментни бои што се употребуваат за доврешување на кожа; други бои; пигменти во масло, во бензин, во фирнајс или во други материи што служат за производство на бои; фолии за печат; бои во форми или завои за продажба на мало: | | |
| | 1) Фолии за печат — — — — | 5 | 3 |
| | 2) Маслени бои, лакови и емајли | 20 | 15 |
| | 3) Друго — — — — — — — — | 20 | 15 |
| 32.10 | Бои за уметничко сликарство, настава и бележење; бои за нијансирање или за разонода, во туби, лончиња, шишиња, тави и во слични пакувања, па и во пастили; бои во сетови со четки, палети или друг прибор или без нив — — | 40 | 30 |
| 32.11 | Сикативи — — — — — — | 20 | 15 |
| 32.12 | Китови и маси за превлекување, вклучувајќи ги и смолните китови и цементи — — — — — — | 28 | 20 |
| 32.13 | Мастила за пишување или цртање, печатарско и други мастила: | | |
| | 1) Печатарски бои — — — — | 5 | 3 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 36 | 26 |

**Глава 33 — Етерични масла и етерични смоли; парфимериски, тоалетни и козметички производи**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) Сложени алкохолни препарати, т. нар. „концентрирани екстракти", што служат за производство на пијачки (тар. бр. 22.09);

2) сапуни, што спаѓаат во тар. бр. 34.01;

3) терпентинска есенција и други производи од тар. бр. 38.07.

2. Тар. бр. 33.06 ги опфаќа и оние производи што не претставуваат смесови (освен оние од тар. бр. 33.05) годни за употреба како парфимериски, козметички и тоалетни препарати, а кои со оглед на намената и употребата се изработени во пакувања што служат за продажба на мало.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 33.01 | Етерични масла (со или без терпен), течни или цврсти, и смоли: | | |
| | 1) Растителни етерични масла — | 36 | 26 |
| | 2) Синтетични мирисливи материи и концентрати, што се употребуваат во парфимеријата — | 36 | 26 |

* На стоките од оваа точка може да се примени членот 15 од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | 3) Синтетични миризливи материи што се употребуваат во индустријата на храна и пијачки — | 15 | 10 |
| | 4) Друго — — — — — — — | 36 | 26 |
| 33.02 | Споредни терпенски производи од детерпенацијата на етерични масла | 36 | 26 |
| 33.03 | Концентрирани раствори на етерични масла во масти, во фиксирано масло, во восок или во слични материи, добиени со ладна апсорпција или со мацерација — — — | 36 | 26 |
| 33.04 | Смесови на две или повеќе видови миризливи материи, природни или вештачки, и смесови врз база на една или повеќе од овие материи (вклучувајќи ги и простите раствори во алкохол), што претставуваат суровини за парфимеријата, прехранбената или друга индустрија: | | |
| | 1) За прехранбената индустрија — | 15 | 10 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 36 | 26 |
| 33.05 | Дестилирани ароматични води и водени раствори на етерични масла, како и за медицински потреби | 36 | 26 |
| 33.06 | Парфимериски, козметички и тоалетни производи — — — — | 80 | 60 |

**Глава 34 — Сапуни; органски површински активни средства (детерценти); средства за перење и помошни средства за перење; средства за полирање; вештачки восоци; масти и кремови за одржување; свеќи и слични производи; пасти за моделирање и восоци за забарите**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) спoеви од определен хемиски состав што се издвоени;

2) пасти за заби, кремови за бричење и шампони, дури и кога содржат сапун или други површински активни средства (тар. бр. 33.06).

2. Тар. бр 34.01 опфаќа само сапуни растворливи во вода, со или без додатоци на други супстанции (средства за дезинфекција, средства за чистење и полирање, за полнење, медикаменти и сл.).

3. Изразите „нафта или масло од шкрилци" во тар. бр. 34.03 треба да се разбере така што тој тарифен број да ги опфаќа производите назначени во забелешката 3 кон главата 27.

4. Во тар. бр. 34.04 изразите „препарирани восоци без емулзија и без растворувачи" се однесуваат само:

1) на смесови од животински восоци, смесови од растителни восоци и смесови од вештачки восоци;

2) на смесови од разни видови восоци (животински, растителни, минерални или вештачки) како и на смесови на парафин со животински, растителни и вештачки восоци;

3) на смесови врз база на парафин или восоци што се постојани и цврсти, слични на восоците, и што содржат, покрај другото, масти, смоли, минерални или други материи, но кои не се емулзионирани и не содржат растворувачи.

Тар. бр. 34.04 не опфаќа:

1) восоци од тар. бр. 27.13;

2) неизмешани животински и неизмешани растителни восоци наполно бојосани.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 34.01 | Сапуни, вклучувајќи ги и медицинските — — — — — — — | 80 | 60 |
| 34.02 | Органски површински активни средства (детерценти), производи за перење врз база на детерценти и помошни средства за перење, со или без сапун: | | |
| | 1) За домаќинства — — — — | 80 | 60 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 42 | 30 |
| 34.03 | Производи за подмачкување што се состојат од смес на масла или масти од сите видови или од смесови врз база на тие масла или масти, кои по тежина не содржат или содржат помалку од 70% нафта или масло од шкрилци | 28 | 20 |
| 34.04 | Вештачки восоци, вклучувајќи ги и оние што се растворливи во вода; приготвени восоци, неемулгирани и без растворувачи — — — | 36 | 26 |
| 34.05 | Масти и кремови за обувки, восоци за намештај и подови, средства за полирање на метал, пасти и прашоци за чистење и слични производи, освен восоците од тар. бр. 34.04 — — — — — — — | 80 | 60 |
| 34.06 | Свеќи, свеќички, воштени свеќи, визбени свеќи, жишки и слични производи — — — — — — | 80 | 60 |
| 34.07 | Маси за моделирање, вклучувајќи ги и оние приготвени во сетови или за забавување на деца; композиции од видовите на тн. „забарски восоци", во плочки, стапчиња и слични форми: | | |
| | 1) Маси за моделирање, вклучувајќи ги и оние приготвени во сетови — за забавување на деца | 80 | 60 |
| | 2) Композиции од видовите на тн. „забарски восоци", во сите форми и пакувања — — — | 36 | 26 |

**Глава 35 — Белтоци и лепила**

Забелешки:

Оваа глава не опфаќа:

1) протеински супстанции приготвени како лекови (тар. бр. 30.03);

2) графички производи превлечени со желатин (глава 49).

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 35.01 | Казеин, казеинати и други казеински деривати; лепило од казеин: | | |
| | 1) Caseinum hydrolisatum за медицински цели — — — — — | 36 | 26 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 36 | 26 |
| 35.02 | Албумини, албуминати и други албумински деривати: | | |
| | 1) Средства за врзување и облагородување во конзервната индустрија, врз база на белтоци | 10 | 5 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 14 | 10 |
| 35.03 | Желатин (вклучувајќи го и оној во листови сечени во квадратна или правоаголна форма, па и обработен по површина или бојосан) и негови деривати; лепило од коски, кожа, живци, жили и од слични производи и лепило од риби; лепило од рибни меури: | | |
| | 1) Туткал кожен и коскен — — | 20 | 15 |
| | 2) Желатин — — — — — — | 20 | 15 |
| | 3) Друго — — — — — — — | 20 | 15 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 35.04 | Пептони и други протеински материи и нивни деривати; кожен прав, хромиран или не: | | |
| | 1) Пептон за медицински цели | 36 | 26 |
| | 2) Друго | 36 | 26 |
| 35.05 | Декстрин, штирк (скроб), растворливи или пржени; лепило од штирк или скроб | 35 | 25 |
| 35.06 | Лепила на друго место неспоменати ниту опфатени; производи од сите видови за лепење, приготвени за продажба на мало како лепила во завои во нето тежина до заклучно 1 kg | 45 | 35 |

**Глава 36 — Барут и експлозиви; пиротехнички производи; кибрити; пирофорни легури; лесно запаливи материи**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа одделни соединенија од определен хемиски состав, освен соединенијата наведени во забелешката 2 под 1 или 2.

2. Тар. бр. 36.08 опфаќа само:

1) металдехид, хексаметилентетрамин и слични производи во таблети, стапчиња или слични форми, што се употребуваат како гориво, како и горива врз база на алкохол и слични цврсти и полуцврсти горива;

2) течни горива (бензин итн.) што се употребуваат за механички запалки, во садови не поголеми од 300 $cm^3$;

3) смолни факели, потпалувачи за огин и сл.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 36.01 | Барут од сите видови | 84 | 60 |
| 36.02 | Експлозиви: | | |
| | 1) Експлозиви врз база на амониум нитрат, хлорат, перхлорат или нитроглицерин | 84 | 60 |
| | 2) Друго | 84 | 60 |
| 36.03 | Фитили лесно запаливи; распрснувачки штапини | 84 | 60 |
| 36.04 | Ударни и експлозивни каписли; запалки; детонатори: | | |
| | 1) Милисекундни рударски запалки за метански јами | 2 | Сл. |
| | 2) Друго | 84 | 60 |
| 36.05 | Пиротехнички предмети (огнометни, петарди, парафинирани каписли, ракети против град и сл.): | | |
| | 1) Главици за електрични запалки | 2 | Сл. |
| | 2) Друго | 84 | 60 |
| 36.06 | Кибрити | 84 | 60 |
| 36.07 | Фероцериум и други пирофорни легури во сите форми: | | |
| | 1) Кременчиња за запалки | 80 | 60 |
| | 2) Друго | 84 | 60 |
| 36.08 | Други лесно запаливи предмети | 84 | 60 |

**Глава 37 — Производи за фотографски и кинематографски цели**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа отпадоци ниту безвредни материи.

2. Тар. бр. 37.08 опфаќа исклучиво:

1) хемиски производи измешани за фотографски потреби, како што се, на пример: развивачи, фиксири, емулзии и др.;

2) неизмешани материи годни за таква употреба, дозирани или не, но кои се приготвени за продажба на мало и готови за непосредна употреба.

Тар. бр. 37.08 не опфаќа лакови, лепила и слични препарати што се посебно опфатени.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 37.01 | Плочи осетливи на светлост, неекспонирани, од сите материи: | | |
| | 1) Фотографски плочи, дијапозитив-плочи, изопан-плочи, план-филмови | 52 | 40 |
| | 2) Ултра специјални плочи | 26 | 20 |
| 37.02 | Филмови во ленти осетливи на светлост, неекспонирани, дупчени или не, во ролни или ленти: | | |
| | 1) Свиткан и тесен филм, црно-бел | 62 | 50 |
| | 2) Свиткан и тесен филм, колор | 62 | 50 |
| | 3) Кино-лента, позитив, црно-бела: | | |
| | а) до 8 mm широчина | 13 | 10 |
| | б) над 8 mm широчина | 40 | 30 |
| | 4) Други видови кино-лента | 14 | 10 |
| | 5) Двојно емулзионирани филмови: | | |
| | а) во ролни | 5 | Сл. |
| | б) во формати | 28 | 20 |
| | в) за забарството | 28 | 20 |
| | 6) Друго | 28 | 20 |
| 37.03 | Хартија, картон и ткаенини осетливи на светлост, неекспонирани или експонирани, но неразвиени: | | |
| | 1) Фотографска хартија, црно-бела | 65 | 50 |
| | 2) Фотографска хартија, колор | 36 | 26 |
| | 3) Друго | 13 | 10 |
| 37.04 | Плочи и филмови, експонирани, неразвиени, негатив или позитив | 14 | 10 |
| 37.05 | Плочи, недупчени или дупчени филмови (освен кинематографските филмови), експонирани и развиени, негатив или позитив | 14 | 10 |
| 37.06 | Кинематографски филмови, експонирани и развиени, што содржат само регистриран звук, негатив или позитив | 5 | Сл. |
| 37.07 | Други кинематографски филмови, експонирани и развиени, неми или со регистрирана слика и звук, негатив или позитив | 5 | Сл. |
| 37.08 | Хемиски производи за фотографски потреби, вклучувајќи ги и производите за моментно осветлување | 36 | 26 |

**Глава 38 — Разни производи на хемиската индустрија**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

а) производи од определен хемиски состав што се издвоени, освен долу наведените, и тоа:

1) вештачки графит од тар. бр. 38.01; активни јаглени (деколоранти, деполаризатори и др. од тар. бр. 38.03);

2) средства за дезинфекција, средства за уништување инсекти, средства за уништување растителни паразити, хербициди, отрови за стаорци и слични производи од определени форми и амбалажи, како што е тоа опишано во тар. бр. 38.11;

3) производи што служат за полнење противпожарни апарати и бомби за гаснење пожар од тар. бр. 38.17;

4) производи специфицирани во забелешката 2 под 1, 3, 4 и 6;

б) лекови (тар. бр. 30.03),

2. Следните производи се подведуваат само под тар. бр. 38.19, т.е. под ниеден друг:

1) култивирани кристали на халогени соли од алкални метали или земноалкални метали или магнезиум оксиди (освен оптичките елементи), во поединечна тежина од 2,5 грама или повеќе;

2) масла за горење;

3) средства за бришење мастило, изработени во пакувања за продажба на мало;

4) производи за исправување матрици, изработени во пакувања за продажба на мало;

5) керамички испитувачи на топлина, топливи;

6) гипсови специјално изработени за забарска употреба.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 38.01 | Графит; вештачки графит колоидален, освен суспензиите во масло | 2 | Сл. |
| 38.02 | Животинско црно (од коски, слонова коска итн.), вклучувајќи го и употребеното животинско црно — | 36 | 26 |
| 38.03 | Активен јаглен (за деколоризација, деполаризација или апсорпција); активен киселгур; активна глина; активен боксит и други активни природни минерални материи: | | |
| | 1) Активен јаглен — — — — | 36 | 26 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 28 | 20 |
| 38.04 | Амонијачни води и суров амонијак добиен со пречистување на гас за осветление — — — — — — | 28 | 20 |
| 38.05 | Тал-масло (течна смола) — — — | 14 | 10 |
| 38.06 | Сулфитна база — — — — — | 2 | Сл. |
| 38.07 | Терпентинско масло, масло од борово дрво или од борови иглички, масло добиено при производство на сулфатна целулоза и други терпентински растворувачи добиени со дестилација или со друга постапка на дрво од четинари; суров дипентен; масло добиено при фабрикација на сулфитна целулоза; борово масло: | | |
| | 1) Терпентин — — — — — — | 28 | 20 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 28 | 20 |
| 38.08 | Колофониум и смолни киселини и нивни деривати, освен смолните естери од тар. број 39.05; смолни масла и есенции: | | |
| | 1) Колофониум — — — — — | 28 | 20 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 28 | 20 |
| 38.09 | Катран од дрво, масло од катран од дрво (освен сложените растворувачи и разредувачи од тар. број 38.18); дрвен креозот и дрвна нафта; ацетонско масло — — — — | 28 | 20 |
| 38.10 | Растителни смоли од сите видови; пиварска смола и слични композиции врз база на колофониум или растителни смоли; врзочни средства за леарници, врз база на природни смолни производи — — — | 28 | 20 |
| 38.11 | Средства за дезинфекција, за уништување на инсекти (инсектициди), фунгициди, хербициди, средства за уништување на плевели, средства за уништување на паразити и слични производи, па и приготвени во форми или пакувања за продажба на мало или во ленти, во фитили и во сулфурирани свеќи, и хартија за отепување на муви: | | |
| | 1) Средства приготвени во форми или пакувања за продажба на мало или во ленти, во фитили и во сулфурирани свеќи, и хартија за отепување на муви | 20 | 15 |
| | 2) Други средства (концентрати): | | |
| | а) хербициди врз база на феноли, крезоли и оцетна киселина (натриумова сол на 2,4 D киселина и MCP киселина) | 20 | 15 |
| | б) органски фунгициди врз база на жива, цинк и сулфур | 20 | 15 |
| | в) инсектициди врз база на арсен — — — — — — — | 20 | 15 |
| | г) други — — — — — — | 14 | 10 |
| | 3) Друго — — — — — — — | 20 | 15 |
| 38.12 | Средства приготвени за апретура и бајцување од сите видови, што се употребуваат во текстилната индустрија, во индустријата на хартија, во кожарската или слични индустрии: | | |
| | 1) Масла за мастење на кожи, освен на друго место споменатите — | 36 | 26 |
| | 2) Помошни средства за текстил, кожа и гума — — — — — | 36 | 26 |
| | Друго — — — — — — — | 36 | 26 |
| 38.13 | Средства за декапирање на метали; средства за заварување и други помошни средства за заварување на метали; пасти и прашоци за заварување, составени од метали и други производи; средства за превлекување или обложување на електроди и на стапчиња за заварување — — — — — — — | 36 | 26 |
| 38.14 | Средства против детонација, средства за спречување на оксидација — антиоксиданти; пептизациони адитиви за подобрување на вискозитетот, средства за спречување на корозија — антикорозивни адитиви и слични адитиви за минерални масла — — — — — — — — | 36 | 26 |
| 38.15 | Средства за забрзување на вулканизацијата — вулкацити — — — | 36 | 26 |
| 38.16 | Хранливи подлоги за развивање на микроорганизми — — — — — | 12 | 5 |
| 38.17 | Смесови и шаржи за апарати за гаснење пожар; гранати и бомби за гаснење пожар — — — — — | 28 | 20 |
| 38.18 | Растворувачи и разредувачи за лакови и за слични производи: | | |
| | 1) Разредувачи — — — — — | 14 | 10 |
| | 2) Растворувачи — — — — — | 15 | 10 |
| | 3) Омекнувачи — — — — — | 15 | 10 |
| 38.19 | Хемиски производи и препарати на хемиската и сродните индустрии (вклучувајќи ги и смесовите со природни производи), неспоменати ниту опфатени на друго место, отпадочни производи на хемиската и сродните индустрии, неспоменати на друго место: | | |
| | 1) Препарати за галванизација и фосфатирање — — — — — | 36 | 26 |
| | 2) Средства против замаглување на стакла за очила, на стакла за прозорци и др. — — — — | 26 | 20 |
| | 3) Друго — — — — — — — — | 28 | 20 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|

## ОДДЕЛ VII — ВЕШТАЧКИ ПЛАСТИЧНИ МАТЕРИИ, ЦЕЛУЛОЗНИ ЕТРИ И ЕСТРИ, ВЕШТАЧКИ СМОЛИ И ПРОИЗВОДИ ОД ОВИЕ МАТЕРИИ; КАУЧУК, ПРИРОДЕН И СИНТЕТИЧЕН, СУРОГАТИ ОД КАУЧУК И ИЗРАБОТКИ ОД КАУЧУК

### Глава 39 — Вештачки пластични материи, етри и естри на целулоза, вештачки смоли и изработки од овие материи

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) ливчиња за обележување со втиснување, од тар. бр. 32.09;

2) вештачки восоци (тар. бр. 34.04);

3) синтетичен каучук опишан во главата 40, како и изработки од синтетичен каучук;

4) седларски и сарачки производи (тар. бр. 42.01), кожени производи, торби и други производи за на пат, како и други предмети што спаѓаат во тар. бр. 42.02;

5) производи на плетарството, како и производи од рогожа (глава 46);

6) синтетични и вештачки ткаенини, како и производи од такви ткаенини;

7) обувки и делови од обувки, шапки и капи и нивни делови, чадори, сонцобрани, бастуни. корбачи и камшици и други предмети што спаѓаат во одделот XII;

8) модерен вештачки накит, кој спаѓа во тар. бр. 71.16;

9) предмети што спаѓаат во одделот XVI (машини и апарати, електричен прибор);

10) делови и парчиња издвоени од транспортни средства (оддел XVII);

11) оптички елементи од вештачка пластична маса, рамки за очила, инструменти за цртање и други предмети од главата 90;

12) стоки што спаѓаат во главата 91 (часовничарство), т.е. кутии за часовници, кутии односно рамови за ѕидни часовници и часовничарски апарати;

13) музички инструменти, нивни делови, и други предмети од главата 92;

14) намештај и делови од намештаја (глава 94);

15) четки и други предмети што спаѓаат во главата 96;

16) детски играчки, предмети за друштвени игри и спортски реквизити (глава 97);

17) копчиња, затворачи на повлекување (рајсфершлуси), држалки, чешли, сисоци и камиши за лулиња за пушење, цигарлоци и слично, делови од вакуум-шишиња и слично, перца, пенкала и други предмети што спаѓаат во главата 98.

2. Тар. броеви 39.01 и 39.02 опфаќаат само стоки произведени со хемиска синтеза, кои при тоа му одговараат на еден од следните описи:

1) вештачки пластични материи, вклучувајќи ја и вештачката смола;

2) силикони;

3) резоли, течни полиизобутилени и слични вештачки полимери од мошне висока молекуларна тежина.

3. Тар. бр. 39.01 до 39.06 опфаќаат само производи во следните форми:

1) течна или во паста (вклучувајќи ги емулзиите, растворувачите и растворите), освен оние раствори кај кои тежината на испарливиот органски растворувач изнесува над 50% од вкупната тежина на растворот;

2) блокови, парчиња, грутки, прав (вклучувајќи го правот од леење), здробени предмети, лушпи и слични форми;

3) монофили чија најголема димензија на напречниот пресек преминува 1 mm; безрабни цевки, прачки, стапови и во вообличени профили со обработена површина или не, но понатаму необработени;

4) плочи, листови, метални плочки, ленти, филмови и превлеки, без оглед дали е површината печатена или обработена на некој друг начин, но не и вообличена, така што предметите да имаат правоаголна форма, но понатаму да не се обработуваат;

5) отпадоци и одломки.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 39.01 | Производи на кондензацијата, поликондензацијата и полиадицијата, модификувани или не, полимеризирани или не, линеални или не (фенопласти, аминопласти, алкиди, полиалкиди, естри и други полиестри незаситени, силикони итн.): | | |
| | 1) Фенопласти: | | |
| | а) маси за пресување — — — | 28 | 20 |
| | б) смоли за лакови — — — | 20 | 15 |
| | в) синтетични лепила — — — | 14 | 10 |
| | 2) Аминопласти: | | |
| | а) маси за пресување — — — | 28 | 20 |
| | б) смоли за лакови — — — | 14 | 10 |
| | в) синтетични лепила — — | 14 | 10 |
| | г) текстилни апретури — — | 14 | 10 |
| | 3) Полиестри — — — — — | 28 | 20 |
| | 4) Полиамиди — — — — — | 28 | 20 |
| | 5) Силикони — — — — — — | 28 | 20 |
| | 6) Мономери — — — — — — | 12 | 5 |
| | 7) Друго — — — — — — — | 28 | 20 |
| 39.02 | Производи на полимеризацијата и кополимеризацијата (полиетилени, политетрахалоетилени, полиизобутилени, полистирен, поливинилхлорид, поливинилацетат, поливинилхлорацетат и други поливинилни, полиакрилни и полиметакрилни деривати, кумарон-инден смола инт.): | | |
| | 1) Поливинилхлорид — — — — | 28 | 20 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 35 | 25 |
| 39.03 | Регенерирана целулоза; нитрати, ацетати и други естри на целулоза, етри на целулоза и други хемиски деривати на целулоза, омекнати или не (целоидин и колодиум целулоид итн.); вулканизирано влакно: | | |
| | 1) Нитроцелулоза — — — — | 42 | 30 |
| | 2) Целулозен ацетат — — — — | 32 | 20 |
| | 3) Целулоид — — — — — — | 42 | 30 |
| | 4) Карбоксиметилцелулоза — — | 42 | 30 |
| | 5) Целофан — — — — — — | 42 | 30 |
| | 6) Сурова филмска фото-подлога | 2 | Сл. |
| | 7) Друго — — — — — — — | 42 | 30 |
| 39.04 | Зацврснати белтоци (зацврснат казеин, зацврснат желатин, итн.). — | 42 | 30 |
| 39.05 | Природни смоли, модификувани со топење (топени смоли): вештачки смоли добиени со естерификација на природни смоли или на смолни киселини (смолни естри); хемиски деривати на природен каучук (хло- | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | риран каучук, хлорхидриран каучук, цикличен каучук, оксидиран каучук, итн.) — — — — — — | 28 | 20 |
| 39.06 | Други виши полимери, вештачки смоли и вештачки пластични материи, вклучувајќи ја и алгинската киселина, нејзините соли и естри; линоксин — — — — — | 28 | 20 |
| 39.07 | Изработки од материите од тар. бр. 39.01 до 39.06: | | |
| | 1) Примарни преработки — — — | 50 | 40 |
| | 2) Готови производи: | | |
| | а) жици за тенис — — — — | 28 | 20 |
| | б) плексиглас-табли за кошарка | 42 | 30 |
| | в) сита — — — — — — | 18 | 13 |
| | г) друго — — — — — — | 70 | 50 |

## Глава 40 — Каучук, природен или синтетичен, фактис и изработки од каучук

Забелешки:

1. Ако од текстот не произлегува поинаку, во оваа тарифа изразот „каучук" ги означува следните производи, вукланизирани или не, или стврднати: природен каучук, балата, гутаперка и слични природни гуми, синтетичен каучук и фактис (имитација на каучук) добиен од масла, и нивните регенерати.

2. Оваа глава не ги опфаќа следните производи од каучук и текстил, кои по правило, спаѓаат во оделот XI:

1) гумиеластични или гумирани плетива и плетени стоки, како и гумиеластични ткаенини и производи од нив;

2) цевки за црпки и слични цевки од текстилен материјал превлечени од внатрешната страна со каучук, та затоа непропустливи;

3) други со каучук импрегнирани, премачкани, преслечени или со слој од каучук превлечени ткаенини (освен стоките од тар бр. 40.06 и 40.10):

а) што не тежат повеќе од 1,5 kg на 1 $m^2$;

б) што тежат повеќе од 1,5 kg на 1 $m^2$ и содржат повеќе од 50% по тежина на текстилниот материјал, како и изработки од овие ткаенини;

4) филц импрегниран или превлачен со каучук, кој по тежина содржи повеќе од 50% текстилен материјал, и изработки од таков филц;

5) неткаени ткаенини од влакна, натопени или превлечени со каучук или во кои каучукот образува материја за слепување, што по тежина содржат повеќе од 50% текстилен материјал, и предмети од такви ткаенини;

6) ткаенини составени од паралелни текстилни предива споени со каучук, независно од нивната тежина на 1 $m^2$, и изработки од нив.

Текстилните ткаенини покриени или превлечени со мек пенлив или сунѓерест каучук се распоредуваат во главата 40. а изработките од такви производи ќе бидат третирани како предмети од каучук а не како текстилни предмети.

3. Оваа глава не опфаќа ниту:

1) обувки и нивни делови, што спаѓаат во главата 64;

2) шапки и капи и нивни делови (вклучувајќи ги и капите за капење), што спаѓаат во главата 65;

3) делови од ебонит за машини, механички и електрични апарати, како и предмети и делови од ебонит за електротехнички цели;

4) предмети што спаѓаат во главите 90, 92, 94 и 96;

5) детски играчки, предмети за друштвени игри и спортски реквизити, освен спортските нараквици и стоките што спаѓаат во тар. бр. 40.11 (глава 97);

6) копчиња, чешли, камиши за лулиња за пушење, држалки за перца и други предмети што спаѓаат во главата 98.

4. Под синтетичен каучук, во смисла на забелешката 1 и тар. бр. 40.02, 40.05 и 40.06, се подразбираат незаситените синтетични материи што по вулканизацијата со помош на сулфур, селен или телур не можат да се повратат во термопластична состојба. Ако овие се вулканизираат до оптимум (без додавање на некои други материи што не се неопходни за самиот процес на вулканизацијата, како што се омекнувачите, активните или неактивните полнила), овие синтетични материи мораат на температура помеѓу 15° и 20°Ц да издржат без кинење истегање на тројна првобитна должина. По истегање на двојна првобитна должина тие мораат, покрај предното, по два часа да се повратат на должина не поголема од 1,5 пати од првобитната.

5. Тар. бр. 40.01 и 40.02 не опфаќаат каучук на кој му се додадени материјали за полнење, зајакнување, пластицизери, вулканизатори, забрзувачи на вулканизацијата, или материи за бојосување, ниту смесови на природен каучук со синтетичен каучук или други смесови на разни видови каучук. Сепак тар. бр. 40.02 го вклучува вештачкиот каучук на кој му се додадени минерални масла пред коагулацијата (стопување), како и синтетичниот каучук што содржи средства за зачувување или на кој материите за бојосување му се додадени само заради полесно распознавање.

6. Неоплетените гумени нишки итн. од вулканизиран каучук, од сите профили, чија најголема димензија преминува 5 mm, се распоредуваат како лентите, прачките или вообличените профили во тар. бр. 40.08.

7. Тар. бр. 40.10 ги вклучува лентите за трансмисии, конвеери или елеватори и другите ремења, од текстилни ткаенини натопени, превлечени или премачкани со каучук, покриени со листови од каучук или изработени од текстилно предиво (едноставно, повеќеструко или кончено) натопено или превлечено со каучук.

8. Во тар. бр. 40.07 до 40.14 како вулканизиран каучук се смета балатата, гутаперката и слични видови на природни каучуци, фактисот добиен од масла, и нивните регенерати, па и кога не се вулканизирани.

9. Како плочи, листови и ленти во тар. бр. 40.05, 40.08 и 40.15 се сметаат материи што не се сечени или кои со просто сечење добиле квадратна или правоаголна форма, иако со тоа добиле обележје на готов производ.

Овие производи не смеат да бидат понатаму обработени, освен со проста површинска обработка (отисок или друго).

### I. *Суров каучук*

| | | | |
|---|---|---|---|
| 40.01 | Природен каучук, балата, гутаперка и слични природни гуми, во сурова состојба (вклучувајќи го и латексот, стабилизиран или не): | | |
| | 1) Каучук природен, во сите форми | 10 | 5 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 10 | 5 |
| 40.02 | Синтетичен каучук, вклучувајќи го и синтетичниот латекс, стабилизиран или не; фактис: | | |
| | 1) Синтетичен — — — — — | 10 | 5 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 10 | 5 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 40.03 | Регенериран каучук — — — | 10 | 5 |
| 40.04 | Отпадоци, остатоци и прав од нестврднат каучук, отпадоци од изработки од каучук што можат да се употребат исклучиво за повторно добивање на каучук — | 2 | Сл. |
| | II. *Невулканизиран каучук* | | |
| 40.05 | Плочи, листови и ленти од каучук, природен или синтетичен, невулканизиран — — — — — — — | 14 | 10 |
| 40.06 | Невулканизиран каучук, природен или синтетичен, во други форми или состојби (раствори и дисперзии, цевки, стапови, профили итн.); производи од природен или синтетичен каучук, невулканизиран (импрегнирани текстилни предива); лепила од каучук на сите подлоги, па и на подлоги од вулканизиран, природен или синтетичен каучук; дискови, рондели итн.: | | |
| | 1) Гранулат од природен каучук, сурови смесови за протектирање на гума, други сурови смесови од природен или синтетичен каучук како полуфабрикати за понатамошна преработка — — — — — — — | 14 | 10 |
| | 2) Маса за фластери — — — — | 20 | 15 |
| | 3) Друго — — — — — — — | 14 | 10 |
| | III. *Изработки од мек вулканизиран каучук* | | |
| 40.07 | Нишки од вулканизиран каучук, па и обложени со текстил; текстилни нишки натопени или превлечени со вулканизиран каучук — — — | 35 | 25 |
| 40.08 | Плочи, листови, ленти и профили (вклучувајќи ги и профилите од кружен пресек), од мек вулканизиран каучук — — — — — — | 25 | 18 |
| 40.09 | Цевки и црева, од мек вулканизиран каучук — — — — — — | 25 | 18 |
| 40.10 | Транспортни ленти или ремени за трансмисии, од вулканизиран каучук — — — — — — — — — | 28 | 20 |
| 40.11 | Полни гуми, надворешни и внатрешни гуми и гумени подметки (флипери), за тркала од сите видови: | | |
| | 1) За патнички автомобили: | | |
| | а) до размера фелга 12" заклучно | 35 | 25 |
| | б) над тоа — — — — — — — | 40 | 32 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 28 | 20 |
| 40.12 | Хигиенски и фармацеутски производи (вклучувајќи ги и цуцлите) од мек вулканизиран каучук, па и со делови од тврд каучук — — — | 28 | 20 |
| 40.13 | Облека, нараквици и прибор за облекло, од мек вулканизиран каучук, за сите цели — — — — — | 28 | 20 |
| 40.14 | Други изработки од мек вулканизиран каучук: | | |
| | 1) Предмети за технички потреби | 25 | 18 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 25 | 18 |
| | IV. *Тврд каучук (ебонит); производи од тврд каучук* | | |
| 40.15 | Тврд каучук (ебонит) во маса, во плочи, листови, ленти, прачки, профили и цевки; отпадоци, прав и остатоци — — — — — — — | 5 | Сл. |
| 40.16 | Изработки од тврд каучук (ебонит) | 25 | 18 |

ОДДЕЛ VIII — СУРОВА КОЖА И КРЗНО, СРАБОТЕНА КОЖА И КРЗНА И ИЗРАБОТКИ ОД ОВИЕ МАТЕРИИ; САРАЧКИ И СЕДЛАРСКИ ПРОИЗВОДИ И ПРЕДМЕТИ ЗА НА ПАТ; ГАЛАНТЕРИСКИ И НАРАКВИЧАРСКИ ИЗРАБОТКИ; ИЗРАБОТКИ ОД ЦРЕВА

**Глава 41 — Сурови и сработени кожи**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) отпадоци и слични остатоци од сурова кожа или крзно (тар. бр. 05.05 или 05.06);

2) кожи од птици и делови од кожи од птици, со пердув и мек пердув, што спаѓаат во тар. бр. 05.07 или 67.01;

3) кожи без длаки и со длака, сурови, штавени или сработени (глава 43), освен суровата говедска кожа со или без длака (вклучувајќи ја и биволешката), од коњи, овци и јагниња (освен персиските, астраханските, каракул и слични јагниња, индиските, кинеските, монголските и тибетските јагниња), од кози и јарци (освен еменските, кинеските, монголските и тибетските кози и јарци), од свињи (вклучувајќи го и пекари-свињчето), од ирвас, антилопа, газела, елен, лос (северен елен), срнак или пес, што спаѓаат во тар. бр. 41.01.

2. Во оваа тарифа изразот „вештачка кожа" означува само материи од видовите наведени во тар. бр. 41.10.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 41.01 | Сурови кожи (свежи, посолени, сушени, лужени, пиклувани), вклучувајќи ги и овчките кожи со волна: | | |
| | 1) Свињска кожа — — — — — | 4 | 3 |
| | 2) Други кожи — — — — — | 2 | Сл |
| 41.02 | Сработени говедски кожи (вклучувајќи ја и кожата од биволи) и коњски кожи, вклучувајќи ги и кожите од други копитари, освен кожите од тар. бр. 41.06 до 41.08: | | |
| | 1) Полупреработени уштавени кожи што не се довршени за изработка на производи од кожа | 2 | Сл. |
| | 2) Преработени — сработени кожи | 28 | 20 |
| 41.03 | Сработени овчки и јагнешки кожи, освен кожата од тар. бр. 41.06 до 41.08: | | |
| | 1) Полупреработени уштавени кожи што не се довршени за изработка на производи од кожа | 2 | Сл. |
| | 2) Преработени — сработени кожи | 28 | 20 |
| 41.04 | Сработени козји и јарешки кожи, освен кожите од тар. бр. 41.06 до 41.08: | | |
| | 1) Полупреработени уштавени кожи што не се довршени за изработка на производи од кожа | 2 | Сл. |
| | 2) Преработени — сработени кожи | 28 | 20 |
| 41.05 | Сработени кожи од други животни освен оние од тар. бр. 41.06 до 41.08: | | |
| | 1) Полупреработени уштавени кожи што не се довршени за изработка на производи од кожа — — | 2 | Сл. |
| | 2) Преработени — сработени кожи | 28 | 20 |
| 41.06 | Кожи семишувани — — — — | 28 | 20 |
| 41.07 | Пергаментни кожи — — — — | 28 | 20 |
| 41.08 | Кожи лакирани или метализирани | 28 | 20 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 41.09 | Отпадоци и други остатоци од природна кожа, штавена, вештачка или регенерирана и од кожа штавена или пергаментна, што не можат да се употребат за изработка на предмети од кожа; прав и брашно од кожа: | | |
| | 1) Отпадоци од преработена кожа | 2 | Сл. |
| | 2) Друго — — — — — — — | 2 | Сл. |
| 41.10 | Вештачки кожи, изработени од кожа или кожени влакна, во плочи или во листови, па и во ролни — | 28 | 20 |

**Глава 42 — Изработки од кожа; Сарачки и седларски изработки; предмети за на пат; торбарски и нараквичарски изработки; изработки од црева**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) стерилизиран хируршки катгут и слични стерилизирани материи за хируршко зашивање (тар. бр. 30.05);

2) предмети за облека и прибор за облека (освен нараквици), поставени со крзно или со вештачко крзно или чија надворешна страна е од крзно или вештачко крзно, освен ако е во прашање просто украсување (тар. бр. 43.03 или 43.04);

3) мрежести или слични торби од одделот XI;

4) предмети што спаѓаат во главата 64;

5) шапки и капи или нивни делови што спаѓаат во главата 65;

6) корбачи, камшици и други предмети од тар. бр. 66.02;

7) жици за музички инструменти, кожа за барабани и слично, и други делови за музички инструменти (тар. бр. 92.09 или 92.10);

8) намештај и делови од намештај (глава 94);

9) детски играчки, предмети за друштвени игри и спортски реквизити од главата 97;

10) копчиња од сите видови, копчиња за алки, дрикери и копчиња што на сличен начин се закопчуваат како и делови од такви предмети, што спаѓаат во тар. бр. 98.01 или главата 71.

2. Непотполн или недовршен предмет треба да се распореди како соодветен потполн или довршен предмет, ако има суштествено обележје на потполн или довршен предмет.

3. Во тар. бр. 42.03 изразите „облека и прибор за облека" опфаќаат, покрај другото, нараквици (вклучувајќи ги и спортските нараквици), престилки и други заштитни облеки за сите дејности, штитови, појаси од природна кожа, реденици и ремиња за зглобови, вклучувајќи ги и ремењата за часовници.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 42.01 | Сарачки и седларски изработки за животни, од сите видови (седла, амови, околувратници, ремиња, коленици итн.), од сите материјали | 56 | 40 |
| 42.02 | Предмети потребни на патници, несесери за тоалет, торби — зембили, торби за храна, војнички торби, торби за логорување (ранци — руксаци) и ташнерски производи што претставуваат завои за пренесување на други производи, од природна, вештачка или регенерирана кожа, од вулканизирано влакно — вулканфибер, од картон, од вештачки пластични материи во листови или во ленти — | 80 | 60 |
| 42.03 | Облека и прибор за облека од вештачка, природна или регенерирана кожа — — — — — — | 52 | 40 |
| 42.04 | Предмети за технички потреби од природна, вештачка или регенерирана кожа — — — — — — | 35 | 25 |
| 42.05 | Други изработки од природна, вештачка или регенерирана кожа | 75 | 55 |
| 42.06 | Производи од црева, од мочни меури или од жили — — — — | 42 | 30 |

**Глава 43 — Крзно и изработки од крзно; вештачки крзна**

Забелешки:

1. Во оваа тарифа изразот „крзно" е употребен за кожите од сите видови животни, штавени или сработени, со длака, освен за суровите крзна од тар. бр. 43.01.

2. Оваа глава не опфаќа:

1) кожи од птици и делови од такви кожи, со пердув или мек пердув, што спаѓаат во тар. бр. 05.07 или 67.01;

2) сурова кожа и сработена кожа со длака, од оние видови што забелешката 1 под 3 кон главата 41 ги распоредува во таа глава;

3) нараквици изработени од кожа и крзно или од кожа и вештачко крзно (тар. бр. 42.03);

4) предмети што спаѓаат во главата 64;

5) кожи и нивни делови, што спаѓаат во главата 65;

6) детски играчки, предмети за друштвени игри и спортски реквизити од главата 97.

3. Кон тар. бр. 43.02 изразите: „квадратни форми, крстови или слични форми" означуваат крзна и нивни делови (исклучувајќи ги „истегнатите" кожи), сошиени меѓусебно во правоаголници, крстови или трапези, без додатоци на други материјали. Другите составени сработени кожи, готови за непосредна употреба (или кои треба само да се исечат), како и сработените кожи и нивните делови, сошиени меѓусебно во форма на облека, делови и прибор за облека или други предмети, спаѓаат во тар. бр. 43.03.

4. Предметите на облека и приборот за облека (освен они исклучени во забелешката 2 на оваа глава), поставени со крзно или вештачко крзно или обложени со крзно или вештачко крзно однадвор, освен ако е во прашање едноставно украсување, се распоредуваат во тар. бр. 43.03 или 43.04.

5. Изразот „вештачко крзно" во тар. бр. 43.04 означува секоја имитација на крзно што е изработена од волна, длака или други влакна гумирани или шиени на кожата, на ткаенината или на друг материјал, освен имитациите на крзно добиени со ткаење, како што се: велур, плиш, букле-ткаенини итн. (тар. бр. 58.04).

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 43.01 | Крзно сурово (кожи сурови за крзно — — — — — — — | 5 | Сл. |
| 43.02 | Крзно штавено или апретирано, па и составено во парчиња, квадратни форми, крстови или слични форми; отпадоци и парчиња нешиени | 36 | 26 |
| 43.03 | Крзно сработено или конфекционирано (стоки од крзно) — — — | 65 | 50 |
| 43.04 | Вештачко крзно, конфекционирано или не — — — — — — | 60 | 45 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|

## ОДДЕЛ IX — ДРВО, ДРВЕН ЈАГЛЕН И ИЗРАБОТКИ ОД ДРВО; ПЛУТА И ИЗРАБОТКИ ОД ПЛУТА; ПЛЕТАРСКИ И КОШНИЧАРСКИ ИЗРАБОТКИ

### Глава 44 — Дрво, дрвен јаглен и изработки од дрво

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) дрво од оние видови што главно се употребуваат во парфимеријата и аптекарството или како средства за уништување на инсекти (инсектициди), средства за уништување на растителни паразити (фунгициди) и за слични цели (тар. бр. 12.07);

2) дрво за оние видови што главно се употребуваат за бојосување или штавење (тар. бр. 13.01);

3) активен дрвен јаглен (тар. бр. 38.03);

4) предмети што спаѓаат во главата 46;

5) дрвени обувки и нивни делови, што спаѓаат во главата 64;

6) бастуни и нивни делови, чадори, сонцобрани и камшици (глава 66);

7) стоки што спаѓаат во тар. бр. 68.09;

8) лажен накит, што спаѓа во тар. бр. 71.16;

9) стоки што спаѓаат во одделот XVII (на пример, коларски изработки);

10) стоки што спаѓаат во главата 91 (на пример: часовници и кутии за часовници);

11) музички инструменти и нивни делови (глава 92);

12) делови од огнено оружје (тар. бр. 93.06);

13) намештај и негови делови, што спаѓаат во главата 94;

14) детски играчки, предмети за друштвени игри, спортски реквизити и други предмети, што спаѓаат во главата 97;

15) лулиња за пушење и делови за нив, копчиња, моливи и други предмети, што спаѓаат во главата 98.

2. Изработките од дрво, па и со делови и со прибор од стакло, мермер или друг материјал, што се увезуваат во демонтирана или несоставена состојба, се распоредуваат на ист начин како и составените предмети, ако разни делови се увезени заедно во исто време.

3. Во оваа глава изразот „подобрено дрво" означува дрво масивно или лепено што е хемиски или физички обработено и на кое на тој начин му е зголемена непробојноста, тврдината или отпорноста спрема механичките, хемиските или електричните дејства.

4. Тар. бр. 44.19 до 44.28 опфаќаат предмети од соодветни описи, од накрсно слепено дрво, целулозно дрво, подобрено дрво или реконструирано дрво.

5. Тар. бр. 44.25 не опфаќа алати чии метални делови формираат сечива, острици, делови за обработка на површина и други разни делови.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 44.01 | Дрво за гориво во облици, цепаници, гранки или снопови, отпадоци од дрво, вклучувајќи ги и струганките — — — — — — — — | 5 | Сл. |
| 44.02 | Дрвен јаглен (вклучувајќи го и јагленот од лушпи и од ореви), па и агломериран: | | |
| | 1) Шумски јаглен — — — — | 14 | 10 |
| | 2) Друг — — — — — — — — | 20 | 15 |
| 44.03 | Дрво сурово, па и со симната кора или просто изделкано: | | |
| | 1) Трупци за режење, на фурнир и за лупење и друго дрво за механичка преработка на сите видови дрво, целулозно дрво од сите видови, танинско дрво од сите видови, јамско дрво од сите видови и телеграфски, телефонски и електрични столбови од дрво од сите видови — — — | 5 | Сл. |
| | 2) Пилански отпадоци од четинари | 5 | Сл. |
| | 3) Друго — — — — — — — — | 5 | Сл. |
| 44.04 | Дрво просто учетворено — — — | 5 | Сл. |
| 44.05 | Дрво просто стругано по должина, разрежано или излупено, во дебелина над 5 mm — — — — — | 5 | Сл. |
| 44.06 | Коцки од дрво, за калдрма — — | 7 | 5 |
| 44.07 | Прагови од дрво, железнички — | 5 | Сл. |
| 44.08 | Даги од дрво, па и бичени на обете главни површини, но понатаму необработени — — — — | 5 | Сл. |
| 44.09 | Дрво за обрачи, пртки цепани; пратови и колци од дрво зашилени, небичени по должина; дрво во цепки, тенки плочки или ленти; цепки од дрво од видовите што се употребуваат за изработка на оцетна киселина или за бистрење на течности — — — — — — — | 5 | Сл. |
| 44.10 | Дрво просто изделкано или заокруглено, но нестругано, несвиткано ниту на друг начин обработено, за бастуни, за чадори, за камшици, за дршки за алат и слично — — — — — — — | 5 | Сл. |
| 44.11 | Дрвена жица; дрво приготвено за кибрити; дрвени чивии за обувки | 7 | 5 |
| 44.12 | Дрвена волна; дрвено брашно: | | |
| | 1) Дрвена волна — — — — — | 7 | 5 |
| | 2) Дрвено брашно — — — — | 10 | 7 |
| 44.13 | Дрво (вклучувајќи ги и дагичките или фризите за паркет, неспоени) рендосано, режано, жлебено, прорежано, браздесто или сл. — — | 14 | 10 |
| 44.14 | Фурнири од дрво, бичени, режани или лупени, во дебелина до 5 mm заклучно, па и зајакнати на една страна со хартија или со ткаенина | 14 | 10 |
| 44.15 | Дрво слепено или крстум слепено, па и со додаток на други материјали; дрво со вметната работа или инкрустирано: | | |
| | 1) Шпер-плочи, панел-плочи — — | 14 | 10 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 14 | 10 |
| 44.16 | Шупликави или ќелиести плочи од дрво, па и превлечени со лист од прости метали — — — — — | 14 | 10 |
| 44.17 | Подобрено (облагородено) дрво во плочи, во штици, во блокови и сл. | 20 | 15 |
| 44.18 | Вештачко дрво или дрво добиено од цепки, од струганки, од брашно од дрво или од други дрвени отпадоци, агломерирано со природни или вештачки смоли или со други органски врзочни средства, во плочи, во листови, во блокови и сл.: | | |
| | 1) Лесонит-плочи, плочи иверици | 15 | 12 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 15 | 12 |
| 44.19 | Стапови и первази од дрво, за намештај, за рамови, за внатрешни украси, за електрични спроводници и слично — — — — — — — | 28 | 20 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 44.20 | Рамови од дрво за слики, за огледала и сл. — — — — — — — | 28 | 20 |
| 44.21 | Сандаци, сандачиња, кафези, тапани и слична амбалажа исклучиво од дрво, монтирана или немонтирана, па и со споени делови: | | |
| | 1) Сандаци сечени, лупени и класични — — — — — — — — | 20 | 15 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 20 | 15 |
| 44.22 | Бочви, буриња, ведра, кофи и други бочварски изработки од дрво и нивни делови, освен оние од тар. бр. 44.08: | | |
| | 1) Бочви — — — — — — — — | 20 | 15 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 20 | 15 |
| 44.23 | Столарски изработки и градежни делови за згради и конструкции, вклучувајќи ги плочите за паркет и конструкциите на расклопување, од дрво: | | |
| | 1) Дрвени куќи бараки и делови — | 28 | 20 |
| | 2) Градежна столарија — — — | 28 | 20 |
| | 3) Друго — — — — — — — — | 28 | 20 |
| 44.24 | Садови од дрво за домаќинство — | 28 | 20 |
| 44.25 | Алати, окови и рачки за алати, рачки за метли и четки од дрво; калапи за чевларите и калапи за одржување форма на обувки: | | |
| | 1) Алати, окови и рачки за алати, рачки за метли и четки од дрво, обработени — — — — — | 28 | 20 |
| | 2) Калапи за чевларите и калапи за одржување форма на обувки | 28 | 20 |
| 44.26 | Калеми, копсови и бобинет за предиво, ткаенини и конец за шиење, и слични производи од стругано дрво — — — — — — — — | 20 | 15 |
| 44.27 | Стругарски и ситни столарски изработки (кутии, ковчежиња, етуи, кутии за накит, послужовници, закачалки за облекло, шандани или други предмети за осветление, итн.), полици и предмети за украс од дрво, делови од овие изработки или предмети од дрво — — — | 65 | 50 |
| 44.28 | Други изработки од дрво: | | |
| | 1) Училиштен прибор — — — | 34 | 26 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 52 | 40 |

**Глава 45 — Плута и изработки од плута**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) обувки и нивни делови, што спаѓаат во главата 64;

2) шапки и капи и нивни делови, што спаѓаат во главата 65;

3) играчки, предмети за друштвени игри и спортски реквизити (глава 97).

2. Природната плута, само исрежана во коцки или квадрати или со сметната кора, спаѓа во тар. бр. 45.02.

3. Во тар. бр. 45.02 спаѓаат и:

1) плочи — природна плута избичена или сечена, во дебелина над 3 mm, несечена или сечена во форма на квадрат или правоаголник;

2) листови — природна плута избичена или сечена, во дебелина до 3 mm, несечена или сечена во форма на коцка или правоаголник.

Што се однесува до агломерирана плута (тар. бр. 45.04), дебелината и формите наведени во оваа забелешка под 1 и 2 се земаат предвид само за да се утврди разликата помеѓу плочите и листовите, независно од тоа дали тие се бичени или сечени.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 45.01 | Плута природна сурова и отпадоци од плута; плута кршена, гранулирана или во прав — — — — | 5 | Сл. |
| 45.02 | Коцки, плочи, листови и ленти од природна плута, вклучувајќи ги коцките или квадратите за изработка на затки: | | |
| | 1) Плута сурова во плочи за чепови — — — — — — — | 5 | Сл. |
| | 2) Плута пресувана во листови — | 35 | 25 |
| | 3) Друго — — — — — — — | 35 | 25 |
| 45.03 | Изработки од природна плута: | | |
| | 1) Влошки за шишиња — — — | 35 | 25 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 35 | 25 |
| 45.04 | Плута агломерирана (со или без врзочни средства) и изработки од агломерирана плута — — — — | 35 | 25 |

**Глава 46 — Плетарски и кошничарски изработки**

Забелешки:

1. Во оваа глава изразот „материја за плетење" означува слама, праќе од ива и врба, бамбусова трска, рогожа, трески од дрво, ленти од билни влакна или кори од растенија, непреден текстилен материјал, нишки или ленти од вештачки пластични материи или ленти од хартија, но не ленти од природна и вештачка кожа, од филц, човечка коса, коњска длака, конец и од предиво од текстил или нишки и ленти од главата 51.

2. Оваа глава не опфаќа:

1) канапи, јажиња, ортоми и кабели плетени или не (тар. бр. 59.04);

2) обувки и шапки и капи и нивни делови, што спаѓаат во главите 64 и 65;

3) возила и каросерии за возила, изработени од плетарски материи (глава 87);

4) намештај и негови делови (глава 94).

3. Во тар. бр. 46.02 изразот „материи за плетење, паралелизирани" означува материјал за плетење меѓусебно паралелно споен со текстилни предива или со друг материјал.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 46.01 | Преплети и слични изработки од материи за плетење, за сите потреби, па и во ленти споени — — | 31 | 22 |
| 46.02 | Материи за плетење, ткаени во форма на лист или паралелизирани, вклучувајќи ги кинеските рогожи, грубите рогожи и леси; оплети за шишиња — — — — — | 31 | 22 |
| 46.03 | Кошничарски (корпарски) изработки добиени во форми или конфекционирани со помошта на предмети од тар. бр. 46.01 и 46.02; изработки од луфа — — — — — | 28 | 22 |

## ОДДЕЛ X — МАТЕРИИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ХАРТИЈА; ХАРТИЈА, КАРТОН И ИЗРАБОТКИ ОД НИВ

**Глава 47 — Материи за изработка на хартија**

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 47.01 | Хартијна маса: | | |
| | 1) Дрвесина — — — — — — | 3 | 2 |
| | 2) Полуцелулоза — — — — — | 3 | 2 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | 3) Целулоза: | | |
| | а) сулфитна: | | |
| | 1) небелена — — — — | 13 | 7 |
| | 2) белена — — — — — | 13 | 7 |
| | б) сулфатна: | | |
| | 1) небелена — — — — | 13 | 7 |
| | 2) белена — — — — — | 13 | 7 |
| | 4) Целулоза сулфитна вискозна — | 3 | 2 |
| | 5) Целулоза сулфитна вискозна за рајон — — — — — — — | 3 | 2 |
| | 6) Друго — — — — — — — | 3 | 2 |
| 47.02 | Отпадоци од хартија и од картон; стари изработки од хартија и од картон што можат да се употребат исклучиво за изработка на хартија: | | |
| | 1) Отпадоци од хартија и стара хартија — — — — — — — | 14 | 10 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 14 | 10 |

**Глава 48 — Хартии и картони, изработки од целулозна маса, од хартија и од картон**

Забелешки:

1. Во оваа глава не спаѓаат:

1) фолии за печат, од тар. бр. 32.09;

2) парфимирана и козметичка хартија (тар. бр. 33.06);

3) хартија натопена или превлечена со сапун (тар. бр. 34.01), хартија импрегнирана или премачкана со детерџенти (тар. бр. 34.02), целулозна вата импрегнирана со средства за полирање, со пасти и слични материи (тар. бр. 34.05);

4) хртија и картон осетливи на светлост (тар. бр. 37.03);

5) листови од пластични материи што содржат слоеви од хартија и картон (тар. бр. 39.01 до 39.06), вулкан-фибер (тар. бр. 39.03) и изработки од тие материи (тар. бр. 39.07);

6) производи од тар. бр. 42.02 (на пример, патнички потреби и друго);

7) производи од главата 46 (плетарски и кошничарски изработки);

8) предиво од хартија и текстилни производи од такви предива (оддел XI);

9) материи за шлифување, на хартија или картон (тар. бр. 68.06) и лискун, на хартија или картон (тар. бр. 68.15); меѓутоа, хартијата обложена со прав од лискун спаѓа во тар. бр. 48.07;

10) хартија и картон обложени со листови од метал (оддел XV);

11) перфорирана хартија или картон за музички инструменти (тар. бр. 92.10);

12) производи опфатени со главите 97 и 98 (детски играчки, предмети за друштвени игри, спортски реквизити, копчиња и друго).

2. При ограничувањата од забелешката 3 кон оваа глава, ќе се зема дека во тар. бр. 48.01 и 48.02 спаѓаат и хартијата и картонот што се валани или на друг начин мазнети, сатинирани, глазирани или на сличен начин обработени, вклучувајќи ги и хартијата и картонот на кои се втиснати лажни водотисоци, како и хартијата и картонот што на кој и да било начин во маса се бојосани или мраморирани. Меѓутоа, во овие тарифни броеви не спаѓаат хартија и картон што по изработката понатаму се обработувани по пат на облагање, премачкување, импрегнирани итн.

3. Хартијата и картонот што им одговараат на описите од два или повеќе тарифни броеви од тар. бр. 48.01 до 48.07, се распоредуваат во оној од тие броеви што е последен по ред во оваа тарифа.

4. Не спаѓаат во тар. бр. 48.01 до 48.07 хартија, картон или целулозна вата изработени во некоја од следните форми:

1) во ленти и намотки (ролни), чија широчина не преминува 15 cm;

2) во листови од квадратна или правоаголна форма чија ниедна страна не преминува 36 cm (сметајќи во развиена состојба, ако таквите листови се пресвиткани);

3) во форми што не се квадратни или правоаголни.

При ограничувањата од забелешката 3 од оваа глава, со рака изработена хартија во сите големини и форми во кои е произведена, па и со тантелести рабови, се распоредува во тар. бр. 48.02.

5. Под „позидници — тапети и линкрусти" во тар. бр. 48.11 се подразбираат:

1) хартија во ролни, наменета за облагање ѕидови и плафони, која им одговара на следните услови:

а) која има еден или два раба (маргини), со или без определени места за прицврстување;

б) која е, ако нема рабови (маргини), бојосана, премачкана, кадифеста или со релјефни шарки, а не е поширока од 60 cm;

2) пордури, фризови и агли од хартија, што се употребуваат за украсување на ѕидови и плафони.

6. Во тар. бр. 48.15 спаѓаат и волна од хартија — за амбалажа, ленти од хартија (пресвиткани или не, па и натопени) — за плетарски и слични изработки, тоалет-папир во ролни и пакети. Овде не спаѓаат артиклите наведени во забелешката 7 кон оваа глава.

7. Во тар. бр. 48.21 спаѓаат и картички за статистички машини, перфорирани картички и картони за жакард и слични машини, ленти од хартија — за полици и за чаршафи за на маса, сервиети и шамивчиња од хартија, тантелеста хартија, затнувачи (дихтунзи) од хартија и производи добиени со леење или пресување на дрвна пулпа, вклучувајќи ги и кројачките шаблони и модели.

8. Хартијата, картонот и целулозната вата, како и производите од тие материјали на кои се втиснати цртежи или слики што не се само споредни и безначајни во однос на основната намена на тие производи, спаѓаат во главата 49.

*I. Хартија и картон во ролни или во листови*

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 48.01 | Хартија и картон изработени машински, вклучувајќи ја и целулозната вата, во ролни или во листови: | | |
| | 1) Хартија: | | |
| | а) натрон, за амбалажа и кабели | 30 | 20 |
| | б) рото — — — — — — | 5 | Сл. |
| | в) за цигари — — — — — | 35 | 25 |
| | г) книговрзачка, за преслеки | 17 | 12 |
| | д) амбалажна (обвивна) — — | 17 | 12 |
| | ѓ) хигиенска (тоалетна и сервиетна) — — — — — — | 17 | 12 |
| | е) специјална хартија — — | 28 | 20 |
| | ж) друга средно фина и бездрвна — — — — — — | 25 | 18 |
| | з) друга — — — — — — | 28 | 20 |
| | 2) Лепенка бела, сива и кафеава како и лепенка за ковчези — | 17 | 12 |
| | 3) Сложени картони обични или фини — — — — — — | 17 | 12 |
| | 4) Картони од крпи — — — — | 17 | 12 |
| | 5) Друго — — — — — — — | 35 | 25 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 48.02 | Хартија и картон изработени рачно (лист на лист) — — — — — | 35 | 25 |
| 48.03 | Пергаментна хартија и картон и нивни имитации, вклучувајќи ја и хартијата наречена „кристал", во ролни или во листови: | | |
| | 1) Транспарентна хартија — — | 14 | 10 |
| | 2) Тешко пропустлива хартија — | 26 | 20 |
| | 3) Друго — — — — — — — — | 26 | 20 |
| 48.04 | Хартија и картон само споени со лепење, неимпрегнирани и непревлечени по површина, па и однатре зајакнати, во ролни или во листови | 35 | 25 |
| 48.05 | Хартија и картон само бранести (како и со превлека по пат на лепење), крепувани, плисовани, набрани, пресувани или дупчени, во ролни или во листови: | | |
| | 1) Креп-хартија — — — — — | 28 | 20 |
| | 2) Бранест картон — — — — | 17 | 12 |
| | 3) Перфорирана хартија (монотип и квик) — — — — — — — | 5 | Сл. |
| | 4) Друго — — — — — — — — | 28 | 20 |
| 48.06 | Хартија и картон само шпартани, линирани или со квадрати, во ролни или во листови: | | |
| | 1) Милиметарска хартија — — | 14 | 10 |
| | 2) Друга хартија — — — — — | 25 | 18 |
| 48.07 | Хартија и картон слепени, превлечени, импрегнирани или бојосани по површина (марморирани, катун и сл.) или печатени (освен оние од тар. бр. 48.06 и главата 49), во ролни или во листови: | | |
| | 1) Хартија превлечена со боја или со печатени шари (шагрин, сјајна, шарена, украсна) — — — | 25 | 18 |
| | 2) Баритирана хартија фото-подлога — — — — — — — — | 2 | Сл. |
| | 3) Хартија импрегнирана — — | 25 | 18 |
| | 4) Друго — — — — — — — — | 25 | 18 |
| 48.08 | Плочи од хартијна маса за филтрирање — — — — — — — | 25 | 18 |
| 48.09 | Плочи за конструкции, од хартијна маса, од иситнето дрво или иситнето разно растение, па и англомерирани со природни или вештачки смоли или со други слични врзочни средства — — — — — — | 25 | 18 |

II. *Хартија и картон сечени во формати за определена употреба; изработки од хартија и од картон*

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 48.10 | Хартија за цигари, сечена во определени формати, па и во книшки или во цевки (тулци) — — — | 35 | 25 |
| 48.11 | Позидници — тапети, линкрусти и витрофании: | | |
| | 1) Тапети од хартија — — — — | 42 | 35 |
| | 2) Транспарентна хартија за прозорци — — — — — — — | 45 | 35 |
| | 3) Друго — — — — — — — — | 45 | 35 |
| 48.12 | Покривки за под, на подлога од хартија или од картон, со или без пласт од линолеумска маса, па и сечени: | | |
| | 1) На подлога од хартија — — | 55 | 45 |
| | 2) На подлога од картон — — — | 55 | 45 |
| 48.13 | Хартија за умножување и пренесување, сечена во формати, па и во кутии сместена (карбон-хартија), шаблонски дупликатори и сл.: | | |
| | 1) Индиго-хартија — — — — | 50 | 35 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 35 | 25 |
| 48.14 | Предмети за пишување: хартија за писма, во блокови, пликови, картички за писма, поштенски картички, картички неилустрирани и картички за преписка; кутии, кесички и слично, од хартија или од картон, што содржат асортиман на предмети за преписка — — | 45 | 35 |
| 48.15 | Друга хартија и картон, сечени за определена употреба: | | |
| | 1) Филтер-стапчиња — — — — | 17 | 12 |
| | 2) Тоалетна хартија — — — — | 35 | 25 |
| | 3) Друго — — — — — — — — | 17 | 12 |
| 48.16 | Кутии, вреќи, кесички и други завои од хартија или од картон | 42 | 30 |
| 48.17 | Картонашки изработки за канцеларии, магацини и сл. — — — | 42 | 30 |
| 48.18 | Регистри, тетратки, книги (сметковни, признанични и сл.), бланкнотеси, бележници, подметки, класери, повези (со подвижни листови или други) и други училишни, канцелариски или книжарски предмети, од хартија или од картон; албуми за мостри и за колекции и корици за книги, од хартија или од картон — — — | 45 | 35 |
| 48.19 | Етикети од сите видови од хартија или од картон, печатени или не, со или без илустрации, па и лепени | 42 | 30 |
| 48.20 | Валци, шпулни, копсови, бобинет и слични подлоги од хартијна маса, од хартија или од картон, па и дупчени или стврднати — — | 22 | 16 |
| 48.21 | Други изработки од хартијна маса, од хартија, од картон или од целулозна вата: | | |
| | 1) Сервиети — — — — — — — | 55 | 45 |
| | 2) Чаши, па и парафинирани — | 55 | 45 |
| | 3) Друго — — — — — — — — | 45 | 35 |

**Глава 49 — Книжарски производи и производи на графичката индустрија**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) хартија, картон или целулозна вата, како и изработки од овие материи, со отисоци и илустрации што се од таков карактер што да не ја менуваат нивната природа и основната намена, ниту ги прават такви за да спаѓаат во главата 48;

2) карти за играње и други предмети од главата 97;

3) гравури, отисоци и литографии — оригинални (тар. бр. 99.02), поштенски марки, таксени марки и слични предмети од тар. бр. 99.04, како и предмети од старини и други предмети од главата 99.

2. Весниците, журналите и периодичните публикации, картонирани или подврзани, спаѓаат во тар. бр. 49.01, а не во тар. бр. 49.02. Ова важи и за колекциите на весници и периодични публикации пристигнати во заедничка обвивка.

3. Во тар. бр. 49.01 спаѓаат и:

1) колекциите на гравури, репродукциите на уметнички творби, цртежи итн., што претставуваат

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|

комплетни дела, пагинирани и подобни да се формира од нив книга, кога гравурите се снабдени со текст што се однесува на овие творби и нивните автори;

2) илустрираните прилози за книги што се наменети за комплетирање на односните книги;

3) книгите пристигнати во фасцикли или листови од сите формати, што сочинуваат комплетно дело или дел од некое дело, наменети да бидат броширани, картонирани или споени.

Меѓутоа, гравурите или илустрациите без текст, било да се пристигнати заедно или одвоено, во сите формати, спаѓаат во тар. бр. 49.11.

4. Печатените предмети издадени со цел за рекламирање на претпријатието што е на нив именувано, или за сметка на претпријатието, и тие што се наменети за јавноста (вклучувајќи ги и предметите со втисната печатена ознака — за туристичка пропаганда), се изземаат од тар. бр. 49.01 и 49.02, зашто спаѓаат во тар. бр. 49.11.

5. Под „албуми или книги со слики, за деца" од тар. бр. 49.03 се подразбираат албумите или книгите во кои сликите имаат главен карактер и не зависат од текстот под нив.

6. Во тар. бр. 49.06 спаѓаат копиите добиени преку индиго-хартија или на фотографска хартија осетлива на светлост, текстовите на ракописи и дактилографија. Копиите добиени на машини за умножување (со поликопирање) или со која друга постапка, се изедначуваат со печатените текстови.

7. Под „илустрирани поштенски картички" од тар. бр. 49.09 се подразбираат илустрираните картички што имаат една или повеќе отиснати илустрации и ознаки за нивната употреба.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 49.01 | Книги, брошури и слични печатени предмети, па и во одвоени листови — — — — — — — | Сл. | Сл. |
| 49.02 | Весници и периодични публикации, печатени, па и илустрирани | Сл. | Сл |
| 49.03 | Албуми или книги со слики и албуми за цртање или малање, брошрани, картонирани или подврзани, за деца — — — — — | Сл. | Сл. |
| 49.04 | Ноти музички, во ракопис или печатени, илустрирани или не, па и подврзани — — — — — — | Сл. | Сл. |
| 49.05 | Картографски изработки од сите видови, вклучувајќи ги и ѕидните карти и топографските планови, печатени; глобуси (земски или небески) печатени — — — — — | Сл. | Сл |
| 49.06 | Градежни, инженерски и слични планови и цртежи за индустриски, трговски и слични цели, работени со рака или со фотографска репродукција; ракописи или дактилографии — — — — — — | Сл | Сл. |
| 49.07 | Поштенски, таксени и слични марки непоништени, што се во оптек или се наменети да бидат во оптек во земјата на намената; таксени хартии, банкноти, акции или облигации и сл., вклучувајќи ги и чековните книшки и сл. — — — | 35 | 25 |
| 49.08 | Декалкомании (хартии за пресликување) од сите видови — — — | 7 | 5 |
| 49.09 | Поштенски картички, картички за честитки, новогодишни картички и сл., илустрирани, изработени на кој и да е начин, па и со украси или со додатоци — — — — — — | 35 | 25 |
| 49.10 | Календари од сите видови од хартија или од картон, вклучувајќи ги и блок-календарите за кинење на листови — — — — — — | 35 | 25 |
| 49.11 | Слики, гравури, фотографии и други печатени предмети, изработени на кој и да е начин — — | 40 | 30 |

## ОДДЕЛ XI — ТЕКСТИЛНИ МАТЕРИЈАЛИ И ИЗРАБОТКИ ОД ТЕКСТИЛЕН МАТЕРИЈАЛ

Забелешки:

1. Овој оддел не опфаќа:

1) четини и животинска длака за четкарски изработки (тар. бр. 05.02); коњска длака и отпадоци од неа (тар. бр. 05.03);

2) човечка коса и изработки од човечка коса (тар. бр. 05.01, 67.03 и 67.04), освен ткаенините отпорни на притисок и видовите што обично се употребуваат за добивање масло со пресување и слично (тар. бр. 59.17);

3) растителен материјал, кој спаѓа во главата 14;

4) азбест (тар. бр. 25.24) и предмети од азбест (тар. бр. 68.13 или 68.14);

5) предмети што спаѓаат во тар. бр. 30.04 или 30.05 (на пример: постава, газа, бандажи и слични предмети за медицински и хируршки цели, стерилизирани хируршки материјали за зашивање);

6) текстилни ткаенини осетливи на светлост (тар. бр. 37.03);

7) нишки чиј напречен пресек преминува 1 mm, и ленти (вештачка слама и слично), чија широчина е поголема од 5 mm, од пластични вештачки материи (глава 39), како и плетива и ткаенини од вакви нишки или ленти (глава 46);

8) ткаенини, филц и неткаени ткаенини од влакна, импрегнирани, премачкани, преслечени или со слој каучук превлечени, и производи од нив, што спаѓаат во главата 40;

9) сурова кожа со длака и сурово крзно (глави 41 и 43) и производи од преработено или вештачко крзно, што спаѓаат во тар. бр. 43.03 или 43.04;

10) предмети што спаѓаат во тар. бр. 42.01 или 42.02 (седларски изработки, сарачки изработки, патнички торби, ранци, рачни торби и слично);

11) целулозна постава (глава 48);

12) обувки и делови од обувки, доколеници — гамаши и слични предмети, распоредени во главата 64;

13) шапки и капи и нивни делови, што спаѓаат во главата 65;

14) мрежи за коса од кој и да е вид (тар. бр. 65.05 или 67.04 — според тоа какви се во прашање);

15) стоки што спаѓаат во главата 67;

16) преѓа, јажиња или ткаенини превлечени со материи за брусење (тар. бр. 68.06);

17) стаклени влакна или ткаенини од стаклено влакно, освен везовите со стаклен конец на видлива основа на ткаенината (глава 70);

18) предмети што спаѓаат во главата 94 (намештај и кревети);

19) предмети што спаѓаат во главата 97 (детски играчки, предмети за друштвени игри и спортски реквизити).

2. А. Стоките од видовите што спаѓаат во кој и да е тар. број на главите 50 до 57 и кои содржат два или повеќе видови текстилен материјал се распоредуваат според следните правила:

1) производите што по тежина содржат повеќе од 10% свила, свилен бурет, шап-свила или други отпадоци од природна свила или нивни смесови, се распоредуваат во главата 50, а распоредувањето во оваа глава се врши според тоа кој од наведените материјали е претежен според тежината;

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|

2) другите производи се распоредуваат, ако во целина не се состојат од еден текстилен материјал, според оној материјал што е претежен по тежината во однос на секој друг текстилен материјал.

Б. Во смисла на горните правила:

1) метализираните предива ќе се третираат во нивната вкупна тежина како и поединечен текстилен материјал, и нивната тежина ќе биде земена како собрана тежина на текстилот и металот од кои се составени, и за распоредување на ткаените ткаенини метализираната жица ќе се смета како текстилниот материјал во кој е вткаена;

2) кога во еден тарифен број се наименувани повеќе текстилни материјали (на пример: свила природна, шап-свила, кардирана или чешлана волна јагнешка или овчка), овие материјали се сметаат како еден ист материјал;

3) освен она што е предвидено во оваа забелешка под Б под 1, тежината на составните делови на другите материјали, освен текстилниот, не се вклучува во тежината на стоките.

В. Одредбите од оваа забелешка под А и Б ги опфаќаат и предивата наведени во забелешките 3 и 4 кон овој оддел.

Г. Одредбите од оваа забелешка под А и Б се однесуваат и на производите наименувани во главите 58 до 62, ако не е назначено поинаку. За готовите стоки произведени од ткаенини и плетива што содржат два или повеќе текстилни материјали оваа забелешка важи само кон општите тарифни одредби од забелешката 3 кон овој оддел

3. А. Според одредбите од оваа глава, со исклучок на она што е предвидено во оваа забелешка под Б, како канап, ортома, врвци, кабели и паламари се сметаат следните предива (едножични или повеќежични или кончени);

1) од свила, шап-свила, свилен бурет или вештачки текстилни влакна опишани во забелешката 1 под 2 кон главата 51 (вклучувајќи го предивото од две или повеќе жици од главата 51), чија тежина преминува 2 грама на 1 метар (18.000 дении);

2) од вештачки текстилни влакна опишани во забелешката 1 под 1 кон главата 51 (вклучувајќи го предивото од две или повеќе жици од главата 51), чија тежина преминува 1 грам на 1 метар (9.000 дении);

3) од кадела и лен:

а) полирани или глазирани;

б) неполирани и неглазирани, чија тежина преминува 2 грама на 1 метар;

4) од кокосово влакно што се состои од 3 или повеќе жици;

5) од други растителни влакна чија тежина преминува 2 грама на 1 метар;

6) зајакнати со метал.

Б. Горните одредби не се применуваат на:

1) предива од овчка и јагнешка волна или од други животински длаки и на предива од хартија, освен предивата зајакнати со метал;

2) текстилни влакна синтетички и вештачки или вештачки влакна во бали или преѓа;

3) свилен катгут, имитации на катгут од свила или вештачки влакна, и жици од монофил од главата 51;

4) метализирано предиво што не е зајакнато со метал;

5) гасеничесто предиво во вид на гајтан.

4. А. Како „предива приготвени за продажба на мало" од главите 50, 51, 53, 54, 55 и 56, со исклучок од оваа забелешка под Б, се сметаат предивата приготвени:

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|

1) во клопчиња или на картони, цевки и слични подлоги, чија тежина не преминува (вклучувајќи ги подлогите):

а) 200 грама — кај предивата од лен и рамија;

б) 85 грама — кај предивата од свила, шап-свила, свилен бурет или други отпадоци од свила или од синтетични и вештачки влакна (бескрајни);

в) 125 грама — кај предивата од други влакна;

2) во витки (чилиња) чија тежина не преминува:

а) 85 грама — кај предивата од свила, шап-свила, свилен бурет или други отпадоци од свила или од синтетични и вештачки влакна (бескрајни);

б) 125 грама — кај предивата од други влакна;

3) во витки, подразбирајќи ги тука помалите витки одвоени со конец што ги прави одделни едни од други, чија секоја поединечна тежина не преминува:

а) 85 грама — кај предивата од свила, шап-свила, свилен бурет или други отпадоци од свила или од синтетични и вештачки влакна (бескрајни);

б) 125 грама — кај предивата од други влакна.

Б. Горните одредби не се применуваат на:

1) едножично предиво од кој и да е текстилен материјал, освен на:

а) едножичното предиво од овчка или јагнешка волна или од фина животинска длака, небелено;

б) едножичното предиво од овчка или јагнешка волна или од фина животинска длака, белено, бојосано или печатено, пократко од 2.000 m на 1kg;

2) повеќежично или кончено предиво, небелено:

а) од свила, свилен бурет, шап-свила или други отпадоци од свила, макар како дотерано;

б) од друг текстилен материјал, освен од овчка или јагнешка волна или од пефина животинска длака во витки;

3) повеќежично или кончено предиво од свила, шап-свила, свилен бурет или други отпадоци од свила, белено, бојосано или печатено, не пократко од 75.000 m на 1kg, мерено повеќежично;

4) едножично, повеќежично или кончено предиво од кој и да е текстилен материјал:

а) на крстум намотани витки;

б) ставено на подлога што ја означува нивната употреба во текстилната индустрија (на пример: на копсови, на фабрички цевки — шпулни, конични бобинеа или вретена).

5. Во тар. бр. 55.07 „газа" означува ткаенини со основа составена сосем или делумно од цврсто или зацврстено предиво или од крстосано или напречно предиво чие крстосување со цврсто или зацврстено предиво составува полуосвртка, цела свртка или повеќе, така што да се формираат окца низ кои минува предивото од потката.

Во тар. бр. 58.08 изразот „мазни" се употребува за опис на оние ткаенини од тој вид што се состојат само од една серија правилни окца од ист начин на работа или големина, без никакви шари или пополнување на окца. Во примената на оваа дефиниција не се зема предвид ниедна помалку отворена површина која е тесно споена во формирањето на окцата.

6. Во овој оддел изразот „изработени" означува:

1) сечено на друг начин, освен во форма на правоаголник;

2) со самото ткаење или со просто сечење приготвено за употреба, без шиење или друга преработка (на пример: крпи за прав, крпи за лице, чаршафи за маси, четвртести шалови и ќебиња);

3) стоки чии рабови се порабени на кој и да е начин, па и со тркалест пораб, или чии рабови се завршени со реси направени од нишки на самата ткаенина или од нишки дополнително прицврстени.

Метарските стоки чии рабови се заштитени од расплетување со јазлирани реси, не се сметаат како готови стоки;

4) предмети сечени во форма или подложени на постапка на провлекување конец:

5) со шиење, лепење или на друг начин составено, освен парчиња стоки — ткаенини што се состојат од две или повеќе должини од ист материјал споени од почеток до крај, или парчиња стоки составени од две или повеќе ткаенини споени една на друга (ватирани или не).

7. Тарифните броеви на главите 50 до 57 и, освен таму каде што од текстот произлегува поинаку, тарифните броеви на главите 58 до 60 не опфаќаат стоки конфекционирани во смисла на забелешката 6 кон овој оддел. Главите 50 до 57 не опфаќаат стоки што спаѓаат во главата 58 или 59.

**Глава 50 — Свила, шап-свила и бурет-свила**

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 50.01 | Кокони од свилени бубачки годни за одвиткување — — — — — | 70 | 50* |
| 50.02 | Греж свила неврткана — — — | 70 | 50 |
| 50.03 | Отпадоци од свила (вклучувајќи ги и коконите од свилени бубачки што не можат да се одвиткуваат, и раскинатите крпи); шап-свила, бурет-свила и кемлинг — — — — | 70 | 50 |
| 50.04 | Свилено предиво непригодено за продажба на мало — — — — | 70 | 50 |
| 50.05 | Предиво од шап-свила непригодено за продажба на мало — — — — | 70 | 50 |
| 50.06 | Предиво од бурет-свила непригодено за продажба на мало — — | 70 | 50 |
| 50.07 | Предиво од свила, од шап-свила и од бурет-свила пригодено за продажба на мало — — — — — | 70 | 50 |
| 50.08 | Месинска длака (флорентинска длака), имитација на катгут од свила — — — — — — — — | 28 | 20 |
| 50.09 | Ткаенини од природна свила или од шап-свила: | | |
| | 1) Ретки ткаенини (муслин, гренадин, воал, газа, етамин и сл.) — | 60 | 50 |
| | 2) Чести ткаенини — — — — | 60 | 50 |
| | 3) Друго — — — — — — — — | 45 | 35 |
| 50.10 | Ткаенини од бурет-свила — — — | 45 | 35 |

**Глава 51 — Синтетични и вештачки текстилни влакна бескрајни**

Забелешки:

1. Во сите оддели на оваа тарифа изразите „вештачки и синтетични влакна" означуваат влакна или жици на органски полимери, произведени на индустриски начин:

1) со полимеризација или кондензација на органски мономери, на пример: на полиамиди, полиестери, полиуретани и поливинилни деривати;

2) со хемиска промена на природни органски полимери (како што се: целулоза, казеин, протеин, алги итн.), на пример: вискозен рајон, ацетатен рајон, бакарно-амонијачен рајон и влакна на алгинати.

Како синтетични влкна или конци се сметаат таквите форми на материи наведени во ставот 1 под 1 на оваа забелешка, а како вештачки влакна — таквите форми на материи наведени во ставот 1 под 2 на оваа забелешка.

2. Тар. бр. 51.01 не опфаќа бескрајни влакна извлечени од вештачки влакна што спаѓаат во главата 56.

3. Изразот „предива од вештачки влакна" (бескрајни) не ги опфаќа предивата познати како прекинати кончени предива чие мнозинство влакна биле прекинати при минување помеѓу валци или други направи (глава 56).

4. Монофилот од вештачки влакнест материјал чија најголема димензија на крстосан пресек не преминува 1 mm се распоредува во тар. бр. 51.01, ако е неговата тежина помала од 6,6 милиграми на 1 метар (60 дении), а во тар. бр. 51.02 — во други случаи.

Монофил чија најголема димензија на напречен пресек преминува 1 mm, се распоредува во главата 39.

Отсечките од вештачки влакнест материјал (вештачка слама и слично) се распоредуваат во тар. бр. 51.02 ако нивната широчина не преминува 5 mm, и во главата 39 — во други случаи.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 51.01 | Предиво од синтетични и вештачки текстилни влакна бескрајни — филамент, непригодено за продажба на мало: | | |
| | 1) Рајон — — — — — — — | 35 | 28 |
| | 2) Предива бемберг и ацетат — — | 35 | 28 |
| | 3) Синтетични предива од сите видови (монофиламент, филамент) | 35 | 28 |
| | 4) Рајон-конец за индустријата на обувки — — — — — — — | 36 | 28 |
| | 5) Синтетичен конец за индустријата на обувки — — — — — | 36 | 28 |
| | 6) Авто-корд од рајон — — — | 20 | 15 |
| | 7) Друго — — — — — — — | 36 | 28 |
| 51.02 | Монофил, должици и сл. форми (вештачка слама) и имитации на катгут, од синтетични и вештачки текстилни материи — — — — | 28 | 20 |
| 51.03 | Предиво од синтетични бескрајни и вештачки бескрајни текстилни влакна, пригодено за продажба на мало — — — — — — — — | 35 | 25 |
| 51.04 | Ткаенини од синтетични и вештачки текстилни бескрајни влакна (вклучувајќи ги и ткаенините од монофил или од должици од тар. бр. 51.01 или 51.02): | | |
| | 1) Од синтетични влакна — — | 55 | 45 |
| | 2) Од вештачки влакна (ацетат, рајон и др.) — — — — — — | 55 | 45 |

**Глава 52 — Метални предива**

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 52.01 | Метални предива комбинирани со текстилни предива (метални предива), вклучувајќи ги текстилните предива обвиткани со метал и метализираните текстилни предива | 28 | 20 |
| 52.02 | Ткаенини од метално предиво, од посребрени предива и од метализирани текстилни предива од тар. бр. 52.01, за облекла, намештај или слични потреби — — — — — | 60 | 50 |

**Глава 53 — Волна, длака и длака од грива и опашка**

Забелешки:

Изразот „фина животинска длака" означува длака од алпака, лама, викуња, јак, камила, ангор-

* На стоките од овој тарифен број може да се примени членот 15 од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | ски, тибетски, кашмирски и слични кози (но не од обична коза), домашен зајак (вклучувајќи ги ангора-зајаците), зајак, дабар, нутрија и мошусен стаор. | | |
| 53.01 | Волна несрабстена — — — — — | 5 | Сл. |
| 53.02 | Фина или груба животинска длака несработена — — — — — — — | 5 | Сл. |
| 53.03 | Отпадоци од волна и од длака (фина или груба), освен од раскинати крпи — — — — — — — — — | 2 | Сл. |
| 53.04 | Волна и длака (фина или груба) од раскинати крпи — — — — | 12 | 5 |
| 53.05 | Волна и длака (фина или груба) кардирана — влачена или чешлана — — — — — — — — — | 15 | 10* |
| 53.06 | Предиво од кардирана — влачена волна, непригодено за продажба на мало — — — — — — — — | 28 | 20 |
| 53.07 | Предиво од чешлана волна, непригодено за продажба на мало — — | 14 | 10 |
| 53.08 | Предиво од фина длака кардирана — влачена или чешлана непригодена за продажба на мало — — | 14 | 10 |
| 53.09 | Предиво од груба длака или од длака од грива и опашка, непригодено за продажба на мало — — | 14 | 10 |
| 53.10 | Предиво од волна, од длака (фина или груба) или од длака од грива и опашка, пригодено за подражба на мало — — — — — — — — | 46 | 35 |
| 53.11 | Ткаенини од волна или од фина длака: | | |
| | 1) За ќебиња — покривки — — | 50 | 45 |
| | 2) За други цели: | | |
| | а) од волнено влачено (штрајхгарн) предиво што содржат над 50% волна, како и во мешавина со предива од други текстилни материјали, освен волнено чешлано предиво — | 55 | 45 |
| | б) од волнено влачено (штрајхгарн) и чешлано (камгарн) предиво што содржат над 50% волна (полукамгарн) — — | 55 | 45 |
| | в) од волнено чешлано (камгарн) предиво. што содржат над 50% волна, како и во мешавина со предива од други текстилни материјали, освен волнено влечено предиво — — — | 50 | 40 |
| | г) други — — — — — — | 60 | 50 |
| 53.12 | Ткаенини од груба длака — — — | 55 | 45 |
| 53.13 | Ткаенини од длака од грива и опашка — — — — — — — | 36 | 26 |

**Глава 54 — Лен и рамија**

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 54.01 | Лен суров, триен, топен, чешлан или инаку преработен но непреден; колчишта и отпадоци (вклучувајќи ги од раскинати крпи); | | |
| | 1) Ленено влакно — — — — | 14 | 10 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 14 | 10 |
| 54.02 | Рамија сурова, излупена, ослободена од лепило, чешлана или инаку уредена, но непредена; колчишта и отпадоци (вклучувајќи ги и од раскинати крпи) — — — — — | 14 | 10 |
| 54.03 | Предиво од лен или од рамија, непригодено за продажба на мало: | | |
| | 1) Од лен — — — — — — — | 20 | 15 |
| | 2) Конец од лен за индустријата на обувки — — — — — — | 35 | 25 |
| | 3) Друго — — — — — — | 20 | 15 |
| 54.04 | Предиво од лен или од рамија, пригодено за продажба на мало — — | 38 | 30 |
| 54.05 | Ткаенини од лен или од рамија: | | |
| | 1) Од лен — — — — — — | 55 | 45 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 60 | 50 |

**Глава 55 — Памук**

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 55.01 | Памук суров: | | |
| | 1) За кардирање — — — — — | 5 | Сл. |
| | 2) За чешлање — — — — — | 5 | Сл. |
| 55.02 | Линтерс од памук — — — — | 2 | Сл. |
| 55.03 | Отпадоци од памук (вклучувајќи ги и од раскинати крпи), нечешлани и некардирани — — — — — | 2 | Сл. |
| 55.04 | Памук кардиран или чешлан — | 5 | Сл. |
| 55.05 | Предиво од памук, непригодено за продажба на мало — — — | 14 | 10 |
| 55.06 | Предиво од памук, пригодено за продажба на мало: | | |
| | 1) Конец за шиење, везење, клеплување, за изработка на тантели и сл. — — — — — — — | 45 | 35 |
| | 2) Селанско предиво — — — — | 45 | 35 |
| | 3) Друго — — — — — — | 45 | 35 |
| 55.07 | Ткаенини од памук, врзувани во гази — — — — — — — — | 55 | 45 |
| 55.08 | Ткаенини од памук, букле, вид на фротирни ткаенини — — — | 55 | 45 |
| 55.09 | Други ткаенини од памук: | | |
| | 1) За ќебиња — покривки — — | 55 | 45 |
| | 2) За други цели — — — — — | 55 | 45 |

**Глава 56 — Синтетични и вештачки текстилни влакна во определени должини**

Забелешка:

Во тар. бр. 56.02 како синтетични и вештачки влакна во кабели, за предење, се сметаат сноповите на паралелно поставени влакна од иста должина како и самиот кабел, што им одговараат на следните спецификации:

1) должината на влакното е поголема од 2 m;

2) при врткање се вршат помалку од 5 свртки на 1 метар;

3) тежината на влакното е помала од 6,6 милиграми на 1 метар (60 дении);

4) како влакна од забелешката 1 кон главата 51 се сметаат и синтетичните и вештачките влакна во кабели, за предење, кои мораат да бидат растегливи но не повеќе од својата двојна должина;

5) тоталната должина на влакното од колчишта е:

а) во случај на тенко влакно опишано во забелешката 1 под 2 кон главата 51 — повеќе од 0.5 грама на 1 метар (4.500 дении);

б) во случај на тенко влакно опишано во забелешката 1 под 1 кон главата 51 — повеќе од 1,66 грама на 1 метар (15.000 дении). Влакното во должина до 2 m се распоредува во тар. бр. 56.01.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 56.01 | Синтетични и вештачки текстилни влакна во определени должини, како предивен материјал: | | |
| | 1) Цел-влакно — — — — — | 35 | 28 |
| | 2) Други вештачки влакна — — | 35 | 28 |
| | 3) Други влакна — — — — | 35 | 28 |

* На стоките од овој тарифен број може да се примени членот 15 од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 56.02 | Синтетични и вештачки влакна несечени, во кабели, за сечење во предивен материјал — — — — | 35 | 28 |
| 56.03 | Отпадоци од синтетични и вештачки текстилни влакна (бескрајни или испрекинати) во маса, вклучувајќи ги и отпадоците од предиво и од раскинати крпи — — — — | 2 | Сл. |
| 56.04 | Синтетични и вештачки текстилни влакна испрекинати, и отпадоци од синтетични и вештачки текстилни влакна (бескрајни или испрекинати); кардирани, чешлани или инаку приготвени за предење: | | |
| | 1) Чешланец од цел-влакно — — | 35 | 28 |
| | 2) Синтетичен чешланец — — | 35 | 28 |
| | 3) Друго — — — — — — | 35 | 28 |
| 56.05 | Предива од синтетични и вештачки влакна испрекинати (или од отпадоци од синтетични и вештачки текстилни влакна), непригодени за продажба на мало: | | |
| | 1) Предиво од цел-влакно — — | 35 | 28 |
| | 2) Предиво од синтетични влакна | 35 | 28 |
| | 3) Друго — — — — — — — | 35 | 28 |
| 56.06 | Предива од синтетични и вештачки текстилни влакна испрекинати (или од отпадоци од синтетични и вештачки текстилни влакна), пригодени за продажба на мало — — | 45 | 35 |
| 56.07 | Ткаенини од синтетични и вештачки текстилни влакна испрекинати: | | |
| | 1) Од синтетични влакна — — — | 55 | 45 |
| | 2) Од вештачки влакна — — — | 55 | 45 |

**Глава 57 — Други билни текстилни влакна; предиво од хартија и ткаенини од предиво од хартија**

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 57.01 | Кадела, сурова, триена, топена, чешлана или инаку преработена, но непредена; колчишта и отпадоци (вклучувајќи ги и од раскинати крпи): | | |
| | 1) Каделно влакно — — — — | 20 | 15 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 20 | 15 |
| 57.02 | Манила, сурова (абака) во повесма, или преработена, но непредена; колчишта и отпадоци (вклучувајќи ги и од раскинати крпи): | | |
| | 1) Влакно од манила — — — — | 2 | Сл. |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 2 | Сл. |
| 57.03 | Јута сурова, излупена или инаку преработена, но непредена; колчишта и отпадоци (вклучувајќи ги и од раскинати крпи): | | |
| | 1) Влакно од јута — — — — | 15 | 10 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 15 | 10 |
| 57.04 | Други билни текстилни влакна, сурови или преработени, но непредени; отпадоци и влакна од раскинати крпи: | | |
| | 1) Влакно од сисал — — — — | 2 | Сл. |
| | 2) Влакно од кокос — — — — | 2 | Сл. |
| | 3) Друго — — — — — — — — | 2 | Сл. |
| 57.05 | Предива од кадела — — — — | 35 | 25 |
| 57.06 | Предива од јута — — — — — | 32 | 28 |
| 57.07 | Предива од други билни текстилни влакна: | | |
| | 1) Предиво од манила — — — | 10 | 5 |
| | 2) Врзок од сисал — — — — | 14 | 10 |
| | 3) Предиво од кокос — — — | 10 | 5 |
| | 4) Друго — — — — — — — | 10 | 5 |
| 57.08 | Предиво од хартија — — — — | 10 | 5 |
| 57.09 | Ткаенини од кадела — — — — | 52 | 38 |
| 57.10 | Ткаенини од јута — — — — | 52 | 40 |
| 57.11 | Ткаенини од други билни текстилни влакна — — — — — — | 52 | 38 |
| 57.12 | Ткаенини од предиво од хартија | 52 | 38 |

**Глава 58 — Теписи и тапесерии; кадифе, плиш, букле-ткаенини и ткаенини од гасеничесто предиво; ленти; позаментерија; тил; бобинет; филе; тантели; везови**

Забелешки:

1. Тар. броеви од оваа глава не ги опфаќаат ткаенините превлечени или импрегнирани, еластичните ткаенини или еластичните ленти, трансмисионите ленти и други стоки што спаѓаат во главата 59. Меѓутоа, везот на било која текстилна основа спаѓа во тар. бр. 58.10.

2. Во тар. бр. 58.01 и 58.02 изразот „килими" е употребен и за ткаенините што имаат карактеристики на покривки за под, но се определени за употребата за други цели. Овие тарифни броеви не опфаќаат килими од филц (клобучина), што спаѓаат во главата 59.

3. Во тар. бр. 58.05, изразот „лентаести изработки" означува:

1) ткаенини чија широчина не преминува 30 cm, било тие да се ткаени или сечени од широчината на парчето, под услов да ги имаат порабени обата раба, со ткаење, лепење, било на друг начин изработени;

2) цевасто исткаени ткаенини чија широчина во сплосната состојба не преминува 30 cm;

3) напречни пораби со свиткани рабови на широчината, во несвиткана состојба, до 30 cm.

Тесните ткаенини во форма на реси се смета дека спаѓаат во тар. бр. 58.07.

4) Тар. бр. 58.08 не опфаќа тил и мрежи во парче, изработени од канап, јажиња или ортоми, кои спаѓаат во тар. бр. 59.05.

5. Во тар бр. 58.10 изразот „вез" означува и вез со метални или стаклени жици на видлива основа на текстилните изработки, и шиени апликации на украсни мотиви изработени од парици, перли или од текстилен или друг материјал. Овој тарифен број не опфаќа со игла изработени украсни килими (тар. бр. 58.03).

6. Тарифните броеви на оваа глава ги вклучуваат стоките од овде специфицираните описи кога тие се изработени од метална жица и од оние видови што се употребуваат за облека, за намештај и за слична употреба.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 58.01 | Килими со јазли изработени со врзување или обвиткување, па и конфекционирани: | | |
| | 1) Со јазли врзани со рака — — | 70 | 50 |
| | 2) Со јазли врзани со машина — | 60 | 50 |
| | 3) Друго — — — — — — — | 60 | 50 |
| 58.02 | Други килими, па и конфекционирани; ткаенини тн. келим или килим, шумак или сумак, карамани и сл., па и конфекционирани: | | |
| | 1) Рачно ткаени — — — — — | 70 | 50 |
| | 2) Механички ткаени (машински) | 60 | 50 |
| | 3) Друго — — — — — — — | 60 | 50 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 58.03 | Таписерии (ѕидни застирки) со рака ткаени (вид гоблени, фландриски гоблени, обисон, бове и сл.) и таписерии со игла работени (со ситен бод), со крстосан бод и сл., па и конфекционирани — — — | 50 | 40 |
| 58.04 | Велур, плиш, букле-ткаенини и ткаенини од гасеничесто предиво, освен предметите од тар. бр. 55.08 и 58.05 — — — — — — — | 50 | 40 |
| 58.05 | Лентаести изработки и ленти без потка, од предиво или влакна паралелизирани и слепени (болдук), освен предметите од тар. бр. 58.06 | 45 | 35 |
| 58.06 | Етикети, значки и слични предмети, ткаени но не везени, во парче, во ленти или сечени во определени форми — — — — | 45 | 35 |
| 58.07 | Гасеничесто предиво — жанила; тантелесто предиво — увртено предиво (освен предивото од тар. бр. 52.01 и увртеното предиво од влакна од грива и опашка); плетенки во парче; други позаментериски предмети и други слични предмети за украси во парче; ројти, пискули, помпони и сл. — — — — | 45 | 35 |
| 58.08 | Тил и ткаенини со врзани панделки (филе, мазни) — — — — | 55 | 45 |
| 58.09 | Тил, тил-бобинет и ткаенини со врзани панделки (филе), фазонирани; тантели (изработени со машина или со рака), во парчиња, ленти или мотиви — — — — | 45 | 35 |
| 58.10 | Везови, во парчиња, во ленти или во мотиви — — — — — | 60 | 50 |

**Глава 59 — Вата и филц; јажиња и јажарски изработки; специјални ткаенини; ткаенини импрегнирани или превлечени; предмети за технички потреби од текстилен материјал**

Забелешки:

1. Изразот „текстилни изработки" во оваа глава е употребен само за текстилни изработки од главите 50 до 57 и од тар. бр. 58.04 и 58.05, за позаментерија и ленти во парче од тар. бр. 58.07, за тил и други мрежести изработки од тар. бр. 58.08 и 58.09, за тантели од тар. бр. 58.09 и за плетени и преплетени изработки од тар. бр. 60.01.

2. Тар. бр. 59.08 и 59.12 ги опфаќаат изработките во кои импрегнацијата или превлекувањето не е очевидно, или е очевидно заштo предизвикало промена на бојата. Тар. бр. 59.12 не опфаќа:

1) изработки малани, со цртежи (освен малана канаваца за театарски кулиси, позадини за студија и слично);

2) изработки прекриени со снегулки, прав, плута во прав и слично, што покажуваат цртежи настанати со оваа постапка;

3) готови изработки со нормално апретирање врз база на штирк и на слични материи.

3. Во тар. бр. 59.11 изразот „ткаенини превлечени со каучук" означува:

1) текстилни изработки со каучук импрегнирани, премачкани, покриени или со лист од каучук превлечени ткаенини (освен со каучукова пена или со сунѓерест каучук):

а) што не тежат повеќе од 1,5 kg на 1 m²;

б) што тежат повеќе од 1.5 kg на 1 m² и содржат повеќе од 50% од тежината на текстилните материи;

2) изработки составени од паралелни текстилни предива споени со каучук, без оглед на нивната тежина на 1 m².

4. Тар. бр. 59.16 не опфаќа:

1) трансмисиони, конвеерски и елеваторски ленти потенки од 3 mm, во парче или сечени по должина;

2) трансмисиони, конвеерски и елеваторски ленти од текстилен материјал со каучук импрегнирани, премачкани, покриени или со лист од каучук превлечени, или изработени од текстилни предива (едножични, повеќежични или кончени), импрегнирани или премачкани со каучук (тар. бр. 40.10).

5. Тар. бр. 59.17 ги опфаќа следните стоки што не спаѓаат во кој и да е друг тарифен број од одделот XI:

1) од текстилните производи (освен оние што имаат карактер на производ од тар. бр. 59.14 до 59.16):

а) текстилни изработки, клобучина, дублирани ткаенини од филц, со каучук превлечени, покриени или со лист од каучук превлечени, со кожа или друг материјал превлечени ткаенини од видовите што обично се употребуваат за изработка на платно за карти и слични изработки што обично се употребуваат за технички потреби;

б) ткаенини за сита;

в) ткаенини за цедење и пресување, од видовите што обично се употребуваат за маслени преси и слично, од текстилни влакна или од човечка коса;

г) ткаени текстилни клобучини, импрегнирани или превлечени, од видовите што обично се употребуваат при изработката на хартија или за други технички потреби, цевасти или бескрајни, со еднокатна или повеќекатна потка или основа, или рамно ткаени со повеќекатна потка или основа, или со повеќекатна и потка и основа;

д) текстилни изработки зајакнати со метал, од видовите што обично се употребуваат за технички потреби или постројки;

ѓ) текстилни изработки од метално предиво што спаѓаат во тар. бр. 52.01, од видовите што обично се употребуваат при изработката на хартија или за други технички потреби;

е) јажиња, ленти и слични производи, импрегнирани или зајакнати со метал, од видовите што обично се употребуваат за технички потреби или постројки, како материјал за пакување или подмачкување;

2) текстилни предмети (освен оние од тар. бр. 59.14 до 59.16), од видовите што обично се употребуваат за технички потреби или постројки, на пример: кругови за полирање, заптивачи (дихтунзи), подметки и други делови од машини за технички потреби.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 59.01 | Вата и предмети од вата; прамења, јазолчиња и нопни од текстилен материјал — — — — — — | 20 | 15 |
| 59.02 | Клобучина — филц и изработки од клобучина, па и натопени или превлечени: | | |
| | 1) Изработки од филц — — — | 36 | 26 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 36 | 26 |
| 59.03 | Ткаенини неткаени (од споени влакна) и предмети од неткаени ткаенини, како и импрегнирани или превлечени — — — — — | 42 | 30 |
| 59.04 | Канапи, јажиња и паламари, плетени или не — — — — — — | 56 | 40 |
| 59.05 | Мрежести изработки од материјали од тар. бр. 59.04 изработени во неопределена должина, во парчиња или во форми; мрежести изработки во форми за риболов, од предиво, канап или јажиња — — — — | 56 | 40 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 59.06 | Други изработки од предиво, канап, јажиња и паламари, освен од ткаенини и од изработки од ткаенини | 56 | 40 |
| 59.07 | Ткаенини превлечени со лепило или со скробови материи, што се употребуваат за подврзување, за картонашки потреби, за торбарски изработки и слични потреби (тенки памучни ткаенини превлечени, итн.), ткаенини за снимање или транспарентни за цртање; ткаенини подготвени за сликање, крути ткаенини и сл. за шапки — — — | 50 | 35 |
| 59.08 | Ткаенини натопени или превлечени со деривати од целулоза или со други вештачки пластични материи | 56 | 40 |
| 59.09 | Восочни ткаенини и други ткаенини натопени со масла или превлечени со превлака врз база на масла — — — — — — — | 56 | 40 |
| 59.10 | Линолеум за сите потреби, сечен или не; простирки за подови со превлака на подлога од текстилен материјал, сечен или не — — — | 55 | 45 |
| 59.11 | Ткаенини превлечени со каучук, освен плетени и преплетени стоки | 56 | 40 |
| 59.12 | Други ткаенини импрегнирани или превлечени, платно малано за театарски кулиси, позадини, ателеа или за слични потреби — — — | 56 | 40 |
| 59.13 | Ткаенини (освен плетени и преплетени) еластични, изработени од текстилни материи врзани со каучукови жици — — — — — — | 56 | 40 |
| 59.14 | Фитили ткаени, плетени или преплетени, од текстилни материи, за ламби, решоа, свеќи и сл.; маншони за запалување, па и натопени, и цевасти ткаенини плетени или преплетени што служат за нивна изработка — — — — — — | 36 | 26 |
| 59.15 | Цевки за пумпи и слични цевки, од текстилен материјал, па и армирани или опремени со други материи | 36 | 26 |
| 59.16 | Ремени за транспортери или трансмисии, од текстилен материјал, па и армирани — — — — — — | 36 | 26 |
| 59.17 | Ткаенини и предмети за технички потреби, од текстилни материи: | | |
| | 1) Ткива за мелничка сита — — | 18 | 13 |
| | 2) Ткива за други сита во индустријата — — — — — — | 18 | 13 |
| | 3) Авто-корд рајон (како ткаенина):* | | |
| | а) импрегниран — — — — — | 36 | 26 |
| | б) неимпрегниран — — — — | 34 | 24 |
| | 4) Друго — — — — — — — | 36 | 26 |

**Глава 60 — Плетени стоки**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) преплетени тантели од тар. бр. 58.09;

2) плетени или преплетени стоки, што спаѓаат во главата 59;

3) миедери, опасачи, нараменици, прслучиња, брегели, ремени, машки нараменици, машки и женски подврски и слично (тар. бр. 61.09);

4) стари облеки и други предмети што спаѓаат во тар. бр. 63.01;

5) ортопедски орудија, хируршки појаси, затеги и слично (тар. бр. 90.19).

2. Тар. бр. 60.02 до 60.06 опфаќаат:

1) предмети од видовите опишани во нив (готови или недовршени, комплетни или не) и нивни делови, плетени или преплетени, добиени директно или изработени од плетени или преплетени изработки;

2) плетени или преплетени изработки вообличени за изработка на стоки наведени под 1 во оваа забелешка.

3. За да бидат опфатени во тар. бр. 60.06, плетените или преплетените предмети не се сметаат како еластични предмети само поради тоа што содржат гумени нишки или поради еластичност добиена со лентата за придржување.

4. Во тар. броеви од оваа глава се вклучуваат стоките од описите специфицирани во нив кога се изработени од предиво метално и од видовите што се употребуваат за облека, наметај и слично.

Во оваа глава:

1) изразот „растеглив-еластичен" го означува она што е составено од текстилни материјали комбинувани со жици од каучук;

2) изразот „каучукуван" означува со каучук импрегниран, превлечен или покриен предмет, или изработен од текстилни влакна превлечени или импрегнирани со каучук.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 60.01 | Плетени и преплетени стоки нееластични и некаучукувани, во парче — — — — — — — | 55 | 45 |
| 60.02 | Нараквици плетени или преплетени, нееластични, некаучукувани | 55 | 45 |
| 60.03 | Чорапи, куси чорапи, сокни, доколеници и слични плетени или преплетени предмети, нееластични и некаучукувани — — — — | 60 | 50 |
| 60.04 | Долна рубелина, плетена или преплетена, нееластична и некаучукувана: | | |
| | 1) Од природна сила — — — | 60 | 50 |
| | 2) Од волна и од фини животински длаки — — — — — | 60 | 50 |
| | 3) Од синтетички влакна или од бескрајни нишки — — — | 50 | 45 |
| | 4) Од памук — — — — — — | 50 | 45 |
| | 5) Од вештачки влакна или од бескрајни нишки — — — — | 50 | 45 |
| | 6) Од друг текстилен материјал — | 60 | 50 |
| 60.05 | Горно облекло, прибор за облекло и други предмети, плетени или преплетени, нееластични и некаучукувани — — — — — — | 40 | 30 |
| 60.06 | Плетени и преплетени стоки во парче и други предмети, плетени или преплетени (вклучувајќи ги и колениците и чорапите со јазолчиња), еластични, вклучувајќи ги и плетените и преплетените каучукувани стоки — — — — — | 50 | 40 |

**Глава 61 — Облекло и прибор за облекло од ткаенини**

Забелешки:

1. Тарифните броеви од оваа глава опфаќаат предмети од видовите опишани во нив, само кога тие се изработени од која и да е текстилна изработка (вклучувајќи ја клобучината, изработките од споени влакна, лентите или позаментеријата од тар. бр. 58.07, тилот или други мрежести изработки и тантелите) или од изработки од метални жици, но не вклучувајќи ги предметите од плетени или преплетени материи, освен оние што спаѓаат во тар. бр. 61.09.

* На стоките од оваа точка може да се примени членот 15 од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|

2. Тарифните броеви од оваа глава не опфаќаат:

1) старо облекло или други предмети што спаѓаат во тар. бр. 63.01;

2) ортопедски орудија, хируршки појаси и слично (тар. бр. 90.19).

3. Заради определување кои предмети спаѓаат во тар. бр. 61.01 до 61.04:

1) предметите што не можат да се сметаат како машка или детска облека, или како женска или моминска облека, се распоредуваат во тар. бр. 61.02 или 61.04, според тоа кој случај е во прашање;

2) изразот „детска облека“ опфаќа:

а) облекло за мали деца, кое не може да се смета како облекло за исклучиво облекување на поголеми деца или девојчиња;

б) пелени за бебиња.

4. Шамии и предмети од типот на шамии, квадратни или приближно квадратни, чија една страна не преминува 60 cm, се распоредуваат како џепни шамивчиња (тар. бр. 61.05).

Шамивчињата кај кои која и да било страна преминува 60 cm, се распоредуваат во тар. бр. 61.06.

5. Тарифните броеви од оваа глава опфаќаат исто така недовршени или некомплетни предмети од видовите опишани во нив и вообличени текстилни изработки за изработка на такви предмети, вклучувајќи ги плетените или преплетените изработки вообличени за изработка на предмети распоредени во тар. бр. 61.09.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 61.01 | Горно облекло за возрасни мажи и возрасни деца — — — — — | 52 | 40 |
| 61.02 | Горно облекло за жени, моми и деца — — — — — — — — — | 52 | 40 |
| 61.03 | Долна рубелина за возрасни мажи и возрасни деца, вклучувајќи ги и околувратниците, пластроните и манжетните — — — — — — | 52 | 40 |
| 61.04 | Долна рубелина за жени, моми и деца — — — — — — — — | 52 | 40 |
| 61.05 | Шамивчиња за џеб — — — — | 60 | 50 |
| 61.06 | Шалови, ешарпи, шамии за врат, шамии, велови и слични предмети | 60 | 50 |
| 61.07 | Кравати — — — — — — — — | 60 | 50 |
| 61.08 | Околувратници, крагни, колири, пластрони, жабои, манжетни, набори и друг сличен прибор и украси за женска облека и рубелина — | 58 | 45 |
| 61.09 | Стезници (мидери), стезници-појаси, градници, бретели, подврски, држачи за чорапи и слични предмети од ткаенини или од плетени или преплетени стоки, па и еластични — — — — — — — — | 55 | 45 |
| 61.10 | Нараквици, чорапи, куси чорапи и сокни, освен од плетени и преплетени стоки — — — — — — | 60 | 50 |
| 61.11 | Друг прибор за облекла, конфекциониран: влошки под пазувите, перничиња и еполети за шивачите, појаси и кајаси, маншони, заштитници на ракави итн. — — — | 56 | 40 |

**Глава 62 — Други конфекционирани предмети од ткаенини**

Забелешки:

1. Тарифните броеви од оваа глава опфаќаат предмети од видовите опишани во нив, само кои се изработени од која и да било текстилна изработка (освен од клобучина и од изработка од споени влакна), од гајтани, украси за фустани (тар. бр. 58.07), но не од плетени или преплетени стоки.

2. Тарифните броеви од оваа глава не опфаќаат:

1) стоки што спаѓаат во главите 58, 59 или 61;

2) стара облека или други предмети што спаѓаат во тар. бр. 63.01.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 62.01 | Покривки — ќебиња — — — | 56 | 40 |
| 62.02 | Рубелина креветска, рубелина трпезна, рубелина тоалетна, рубелина за канцеларии или кујни; завеси, витражи и други предмети за намештај — — — — — — | 60 | 50 |
| 62.03 | Вреќи и торби за завиткување стоки — — — — — — — | 56 | 40 |
| 62.04 | Покривки — циради, едра, сончани завеси, шатори и други предмети за логорување — — — — — | 56 | 40 |
| 62.05 | Други предмети изработени — конфекционирани од ткаенини, вклучувајќи ги и мострите на облекла | 56 | 40 |

**Глава 63 — Крпи и стар текстил; текстилни отпадоци**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 63.01 | Предмети и прибор за облекување, покривки — ќебиња, рубелина за куќа и предмети за намештај (освен предметите од тар. бр. 58.01, 58.02 и 58.03) од текстилни материи, обувки и шапки и капи од сите материи, што носат видни траги на употреба и што пристигнале во растурена состојба или во бали, вреќи или во слични пакувања — — | 65 | 50 |
| 63.02 | Крпи, канапи, јажиња и паламари, во форма на отпадоци или на предмети вон употреба: | | |
| | 1) Волнени крпи — — — — — | 2 | Сл. |
| | 2) Памучни крпи — — — — — | 2 | Сл. |
| | 3) Друго — — — — — — — — | 2 | Сл. |

## ОДДЕЛ XII — ОБУВКИ; ШАПКИ И КАПИ; ЧАДОРИ И СОНЦОБРАНИ; ВЕШТАЧКО ЦВЕЌЕ И ИЗРАБОТКИ ОД КОСА; ПАФКАЛА

**Глава 64 — Обувки, гамаши и слични предмети; делови од овие предмети**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) Обувки без ѓонови што им припаѓаат, плетени или преплетени (тар. бр. 60.03) или од други текстилни ткаенини (освен филц) (тар. бр. 62.05);

2) стари обувки, што спаѓаат во тар. бр. 63.01;

3) предмети од азбест (тар. бр. 68.13);

4) ортопедски обувки или други ортопедски средства и нивни делови (тар. бр. 90.19);

5) играчки и обувки за лизгање, со прицврстени лизгалки (глава 97).

2. Во тар. бр. 64.05 и 64.06 изразот „делови“ не опфаќа клинци, заштитници, окца, поткови, копчи, украси, ленти, панделки, реси и други пораби (што се распоредуваат во соодветните тарифни броеви) или копчиња и други предмети што спаѓаат во тар. бр. 98.01.

3. Во тар. бр. 64.01 изразите „каучук или вештачки пластичен материјал“ ги опфаќаат сите текстилни ткаенини премачкани или превлечени однадвор со една или со обете од тие вештачки пластични материјали.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 64.01 | Обувки со ѓонови и со лице од каучук или од вештачки пластичен материјал — — — — — — | 55 | 45 |
| 64.02 | Обувки со ѓонови од природна или од вештачка кожа, обувки (освен оние од тар. бр. 64.01) со ѓонови од каучук или од вештачки пластични материјали — — — — — | 55 | 45 |
| 64.03 | Обувки од дрво или со ѓонови од дрво или плута — — — — — | 50 | 35 |
| 64.04 | Обувки со ѓонови од други материи (јажиња, картон, ткаенини, клобучина, плетарски изработки, итн.) — — — — — — — — | 50 | 35 |
| 64.05 | Делови од обувки (вклучувајќи ги и внатрешните ѓонови и петиците) од сите материи, освен од метал | 55 | 45 |
| 64.06 | Доколеници, гамаши, коленици, завивачи, штитници и слични предмети, и нивни делови — — — | 55 | 45 |

## Глава 65 — Шапки, капи и нивни делови

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) употребувани шапки и капи што спаѓаат во тар. бр. 63.01;

2) мрежи од човечка коса (тар. бр. 67.04);

3) капи од азбест (тар. бр. 68.13);

4) шапки за кукли или други играчки, или предмети за карневали од главата 97.

2. Тар. бр. 65.02 не опфаќа шапки во форма на sвоно — конус, изработени со шиење (освен шапките во форма на sвоно — конус изработени со шиење во спирали од плетени или други ленти).

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 65.01 | Необличени и необрабени тулци (конуси), кругови и маншони (цилиндри), па и сечени по височина, од клобучина, за шапки — — | 42 | 30 |
| 65.02 | Конуси или други форми за шапки, изработени со плетење или со спојување на ленти (плетени, ткаени или на друг начин изработени), од сите материи, украсени или не — — — — — — — | 50 | 40 |
| 65.03 | Шапки и капи од клобучина (филц), изработени од тулци или кругови од тар. бр. 65.01, украсени или не — — — — — — — | 60 | 50 |
| 65.04 | Шапки и капи изработени со плетење или со спојување на ленти (плетени, ткаени или добиени на друг начин), од сите материи, украсени или не — — — — — | 60 | 50 |
| 65.05 | Шапки и капи (вклучувајќи ги и мрежите и мрежичките за коса), од плетени или преплетени стоки или од конфекционирани ткаенини, тантели или клобучина (во парчиња, но не во ленти), украсени или не — — — — — — — | 60 | 50 |
| 65.06 | Други шапки и капи, украсени или не — — — — — — — | 60 | 50 |
| 65.07 | Ленти за внатрешни гарнитури, постави, покривки за шапки, костури (вклучувајќи ги и направите со федер за шапки), сонцобрани и подбрадници за шапки и капи — | 45 | 35 |

## Глава 66 — Чадори, сонцобрани, бастуни, камшици, корбачи и нивни делови

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) стапови за мерење и слично (тар. бр. 90.16);

2) огнено оружје во стапови, мечеви, стапови за шетање со набој и слично (глава 93);

3) стоки што спаѓаат во главата 97 (на пример: чадори и сонцобрани — играчки).

2. Тар. бр. 66.03 не опфаќа: делови, ленти или прибор од текстилни материјали, навлаки, пискули, ремени, футроли за чадори и слично, од кој и да е материјал. Таквите стоки увезени со предметите што спаѓаат во тар. бр. 66.01 или 66.02, но немонтирани на овие предмети, треба да се распоредат одвоено и нема да се сметаат како составен дел од овие предмети.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 66.01 | Чадори и сонцобрани, вклучувајќи ги стаповите за чадори, градинарските сонцобрани и слично — — | 50 | 40 |
| 66.02 | Бастуни (вклучувајќи ги стаповите за алпинисти и за седење), камшици, корбачи и слично — — — | 40 | 30 |
| 66.03 | Делови, гарнитури и прибор за предмети од тар. бр. 66.01 и 66.02 | 40 | 30 |

## Глава 67 — Пердув и мек пердув апретиран и изработки од пердув и мек пердув; вештачко цвеќе; изработки од коса; пафкала

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) цедилки од човечка коса (тар. бр. 59.17);

2) цветни мотиви во форма на тантели, везови или други ткаенини (оддел XI);

3) обувки (глава 64);

4) шапки и капи (глава 65);

5) метлички од пердув, за прав (тар. бр. 96.04); пуфни за пудерирање (тар. бр. 96.05) или сита од коса (тар. бр. 96.06);

6) играчки, спортски реквизити или предмети за забава (глава 97).

2. Тар. бр. 67.01 не опфаќа:

1) стоки (на пример, постелина) во кои пердувот или мекиот пердув го сочинува материјалот за полнење или поставање;

2) предмети за облекување и нивни делови што им припаѓаат кај кои пердувот или мекиот пердув е само украс или материјал за полнење;

3) вештачко цвеќе или лисје и нивни делови и изработки од тар. бр. 67.02;

4) пафкала (тар. бр. 67.05).

3. Тар. бр. 67.02 не опфаќа:

1) предмети од стакло (глава 70);

2) вештачко цвеќе, лисје или овошје од грнчарија, камен, метал, дрво или од друг материјал, добиен во едно парче со леење, ковање, режење, печатење или со друга постапка или составен од делови на друг начин, освен со врзување, лепење или слични методи.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 67.01 | Кожа и други делови од птици со нивни пердув или мек пердув покриени, пердув, делови од пердув, мек пердув и предмети од овие материи, освен производите од тар. бр. 05.07, како и цевчиња и дршки од пердув, обработени — — | 40 | 30 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 67.02 | Вештачко цвеќе, лисје и плодови и нивни делови; предмети изработени од вештачко цвеќе, од лисје и од овошје — — — — — — | 52 | 40 |
| 67.03 | Човечка коса, на кој и да е начин подготвена; волна и длака од грива и опашка, подготвени за фризури — — — — — — — | 28 | 20 |
| 67.04 | Перики, лажни бради, кадрици и слични предмети од човечка коса, од длака од грива и опашка или од текстил; други изработки од човечка коса (вклучувајќи ги мрежите и мрежичките од човечка коса) — — — — — — | 28 | 20 |
| 67.05 | Пафкала и рачни заклони и нивни окови и делови на окови од сите материи — — — — — — — — | 40 | 30 |

## ОДДЕЛ XIII — ИЗРАБОТКИ ОД КАМЕН, ГИПС, ЦЕМЕНТ, АЗБЕСТ ЛИСКУН И ОД СЛИЧНИ МАТЕРИИ; ПРОИЗВОДИ ОД КЕРАМИКА; СТАКЛО И ИЗРАБОТКИ ОД СТАКЛО

### Глава 68 — Изработки од камен, гипс, цемент, азбест, лискун и од слични материи

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) производи што спаѓаат во главата 25;

2) превлечена или импрегнирана хартија, што спаѓа во тар. бр. 48.07 (на пример: хартија превлечена со лискунов прав или со графит; хартија превлечена со битумен или асфалт);

3) превлечени или импрегнирани текстилни ткаенини, што спаѓаат во главата 59 (на пример: ткаенини превлечени со лискун, со битумен или асфалт);

4) предмети што спаѓаат во главата 71;

5) алати и делови на алати, што спаѓаат во глава 83;

6) литографски камења од тар. бр. 84.34;

7) електрични изолатори (тар. бр. 85.25) или фитинзи од материјали за изолирање, што спаѓаат во тар. бр. 85.26;

8) мали забарски острила (тар. бр. 90.17);

9) стоки што спаѓаат во главата 91 (на пример: часовници, кутии за часовници и часовничарски апарати);

10) предмети што спаѓаат во тар. бр. 95.07;

11) играчки, предмети за друштвени игри или спортски реквизити (глава 97);

12) копчиња (тар. бр. 98.01), моливи од шкрилци (кондили) (тар. бр. 98.05), таблици од шкрилци — за пишување или цртање (тар. бр. 98.08);

13) уметнички, колекциски и старински предмети (глава 99).

2. Во тар. бр. 68.02 изразите „камен обработен за градежи, споменици и други цели, ги опфаќа не само разновидните камења наведени во тар. бр. 25.15 и 25.16, туку и сиот друг природен камен (на пример: кварцит, кремен, доломит и стеатит) слично обработен, но не опфаќа шкрилец.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 68.01 | Коцки за калдрма, ивичници, плочи за тротоари, од природен камен (освен од шкрилци) — — — — | 20 | 15 |
| 68.02 | Камен обработен за градежи, споменици и други цели, освен оној од тар. бр. 68.01 и оној од главата 69; коцки и плочки за мозаик — | 20 | 15 |
| 68.03 | Шкрилец обработен и изработки од природен или агломериран шкрилец — — — — — — | 20 | 15 |
| 68.04 | Мелнички камења и слични изработки, за мелење, дефибрирање, острење, полирање, чистење, сечење или парчење, од природен камен, агломерирани или не, од материјал за брусење природен или вештачки агломериран или добиен од грнчарија (вклучувајќи ги и сегментите и другите делови од овие материи за наведените мелнички камења и предмети), па и со делови (срцина, прачки, ушици итн.) од други материјали или со нивни оски, но немонтирани — — — | 20 | 15 |
| 68.05 | Рачни камења за острење или полирање, од природен камен, од материјал за брусење агломериран или од грнчарија: | | |
| | 1) Природни брусеви — — — | 20 | 15 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 20 | 15 |
| 68.06 | Вештачки или природен материјал за брусење во прав или во зрно на ткаенини, хартија, картон и на други материи, па и сечени, шиени или поинаку составени: | | |
| | 1) Брусни платна — — — — — | 20 | 15 |
| | 2) Вештачки брусеви — — — | 14 | 10 |
| | 3) Друго — — — — — — — | 20 | 15 |
| 68.07 | Волна од згура, од белуток, и друга слична минерална волна; вермикулит експандиран, глина експандирана и слични минерални производи експандирани; смесови и изработки од минерални материи за изолирање на топлина или звук, освен оние од тар. бр. 68.12, 68.13 и од главата 69 — — — — — | 42 | 30 |
| 68.08 | Изработки од асфалт или од слични производи (смоли од нафта, смоли од катран од камен јаглен итн.) — — — — — — — — | 28 | 20 |
| 68.09 | Штичиња, штици, плочи, блокови и слично, од билни влакна, од влакно од дрво, слама цепки или од отпадоци од дрво агломерирани со цемент, гипс или со други минерални средства за врзување — — | 7 | 5 |
| 68.10 | Изработки од гипс или од смесови врз база на гипс — — — — — | 14 | 10 |
| 68.11 | Изработки од цемент, од бетон или од вештачки камен, па и армирани, вклучувајќи ги и изработките од цемент, од згура или од гранулиран мермер со цемент — — — — | 14 | 10 |
| 68.12 | Изработки од азбестен цемент, од цемент со целулозни влакна и слично: | | |
| | 1) Салонитни производи — — — | 14 | 10 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 14 | 10 |
| 68.13 | Азбест сработен; изработки од азбест освен оние од тар. бр. 68.14 (картони, предива, ткаенини, облекло, капи, обувки, итн.), па и армирани; смесови врз база на азбест или врз база на азбест и магнезиум карбонат и изработки од овие материи: | | |
| | 1) Предиво од азбест — — — — | 28 | 20 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 28 | 20 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 68.14 | Фрикциони гарнитури (сегменти, кругови, рондели, ленти, листови, плочи, валци, итн.) за кочници, куплунзи итн., врз база на азбест, на други минерални материи или целулоза, па и во врска со текстилен или друг материјал — — — — | 20 | 15 |
| 68.15 | Лискун обработен и изработки од лискун, вклучувајќи го лискунот на хартија или на ткаенини (миканит, микафолиум, итн.) — — — | 7 | 5 |
| 68.16 | Изработки од камен или од други минерални материјали (вклучувајќи ги и изработките од тресет), на друго место неспоменати: | | |
| | 1) Производи од графит — — — | 5 | Сл. |
| | 2) Друго — — — — — — — | 5 | Сл. |

**Глава 69 — Керамички производи**

Забелешки:

1. Тарифните броеви од оваа глава опфаќаат само керамички производи добиени по пат на керамичко печење од земја претходно вообличена, или од камен претходно изработен. Тар. бр. 69.04 до 69.14 опфаќаат керамички производи, освен производите за изолирање на топлината и производите отпорни на оган.

2. Оваа глава не опфаќа:

1) производи што спаѓаат во главата 71 (на пример: имитации на скапоцености);

2) електрични изолатори (тар. бр. 85.25) или фитинзи — спојници од изолациони материјали, што спаѓаат во тар. бр. 85.26;

3) вештачки заби од керамичка материја (тар. бр. 90.19);

4) производи што спаѓаат во главата 91 (на пример: ѕидни часовници и часовници вградени во кутии — долапи, и часовничарски апарати;

5) детски играчки, предмети за друштвени игри или спортски реквизити (глава 97);

6) лулиња за пушење, копчиња и други производи, што спаѓаат во главата 98;

7) уметнички и колекциски и старински предмети — антиквитети (глава 99).

*I. Термо-изолациони и огноотпорни материјали*

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 69.01 | Тули, плочи, коцки и други парчиња за изолирање на топлина, од инфузориска земја, од киселгур, од фосилно силикатно брашно и од други слични силикатни земји: | | |
| | 1) Врз база на јагленород — — | 5 | Сл. |
| | 2) Термоизолациони тули и филтрациони средства врз база на киселгур — — — — — — | 35 | 25 |
| | 3) Друго — — — — — — — | 35 | 25 |
| 69.02 | Тули, плочи, коцки и други слични парчиња за конструкции, во оган постојани — нетопливи: | | |
| | 1) Огноотпорни материјали врз база на јагленород — — — | 5 | Сл. |
| | 2) Магнезитни, хромитни и хромомагнезитни високоогноотпорни материјали — — — — — — | 35 | 25 |
| | 3) Стакларски блокови — — — | 35 | 25 |
| | 4) Друго — — — — — — — | 35 | 25 |
| 69.03 | Други производи во оган постојани — нетопливи (реторти, садови за топење, лонци, чепови, подлоги, чистачи, цевки итн.): | | |
| | 1) Стеатитни производи — — — | 20 | 15 |
| | 2) Врз база на јагленород — — | 5 | Сл. |
| | 3) Лонци од графит — — — — | 28 | 20 |
| | 4) Магнезитни, хромитни и хромомагнезитни високоогноотпорни материјали — — — — — | 35 | 25 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 35 | 25 |

*II. Други керамички производи*

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 69.04 | Тули за ѕидање (вклучувајќи ги и блоковите за подови, гредичките и слични елементи) — — — — | 20 | 15 |
| 69.05 | Керамиди, архитектонски орнаменти (испупчени рабови, фризови итн.) и други земјани изработки за градежи (заклони и сл. за оџаци) — | 20 | 15 |
| 69.06 | Цевки, спојници и други парчиња за канализација и слични потреби | 20 | 15 |
| 69.07 | Плочи од сите видови за подови и за обложување ѕидови, нелакирани и неемајлирани (керамика за градежништвото) — — — — — | 28 | 20 |
| 69.08 | Други плочи за подови и за обложување ѕидови (керамика за градежништвото) — — — — — | 28 | 20 |
| 69.09 | Апарати и предмети за хемиски и други технички потреби; корита, карлици и други слични садови за земјоделски цели, лонци и други слични садови за транспорт или пакување стоки: | | |
| | 1) Лонци стакларски — — — | 35 | 25 |
| | 2) Друго — — — — — — — — | 35 | 25 |
| 69.10 | Сливници, лавабоа, бидеа, клозетски школки, кади и други слични предмети за санитарни и хигиенски цели, што се вградуваат: | | |
| | 1) Лавабоа — — — — — — | 55 | 45 |
| | 2) Друго — — — — — — | 55 | 45 |
| 69.11 | Садови и предмети за трпеза или тоалет, од порцелан — — — — | 55 | 45 |
| 69.12 | Садови и предмети за трпеза или тоалет, од друг керамички материјал — — — — — — — | 55 | 45 |
| 69.13 | Фигурички, украсни предмети, предмети за намештај, уредување и лично украсување, од керамички материјал — — — — — — | 60 | 50 |
| 69.14 | Други изработки од керамички материјали — — — — — — — | 60 | 50 |

**Глава 70 — Стакло и изработки од стакло**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) емајли за грнчарија (тар. бр. 32.08);

2) производи што спаѓаат во главата 71 (на пример, имитации на накит);

3) електрични изолатори (тар. бр. 85.25) или фитинзи од изолационен материјал, што спаѓаат во тар. бр. 85.26;

4) шприцеви за инјекции, вештачки очи, термометри, барометри, хидрометри, оптички обработени оптички елементи и други предмети што спаѓаат во главата 90;

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | 5) детски играчки, предмети за друштвени игри, спортски реквизити, украси за новогодишни елки и други предмети што спаѓаат во главата 97 (исклучувајќи ги стаклените очи без механизам за кукли или други предмети од главата 97); | | |
| | 6) копчиња, термос-шишиња, пумпи за парфеми и слично, распрснувачи за течности или други предмети што спаѓаат во главата 98. | | |
| 70.01 | Парчиња од стакло и други остатоци и отпадоци од стакло; стаклена маса (освен оптичкото стакло) | 2 | Сл. |
| 70.02 | Стакло наречено „емајлно", во маса, прачки или цевки — — — — | 20 | 15 |
| 70.03 | Стакло во прачки, стапчиња, топки или цевки, необработено (освен оптичкото стакло) — — — — — | 20 | 15 |
| 70.04 | Стакло леано или валано, необработено (па и армирано или плакирано во текот на изработката), во плочи или во листови во квадратна или правоаголна форма: | | |
| | 1) Армирано стакло — — — — | 20 | 15 |
| | 2) Стакло за прозорци — — — | 20 | 15 |
| | 3) Друго — — — — — — — | 20 | 15 |
| 70.05 | Стакло влечено или дувано, тн. стакло за прозорци, необработено (па и плакирано во текот на изработката), во листови во квадратна или правоаголна форма: | | |
| | 1) Стакло за прозорци — — — | 25 | 18* |
| | 2) Друго — — — — — — — | 25 | 18 |
| 70.06 | Стакло леано или валано и стакло за прозорци (па и армирано или плакирано во текот на изработката), само шлифувано или полирано на едната или на обете страни, во плочи или во листови во квадратна или правоаголна форма: | | |
| | 1) Армирано стакло — — — — | 20 | 15 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 20 | 15 |
| 70.07 | Стакло леано или валано и стакло за прозорци (шлифувано или полирано, или не), сечено во други форми, освен во квадратна или правоаголна, или само свиткано или на друг начин обработено (фасетувано, гравирано итн.); повеќекатно стакло за изолација; орнамент стакло за прозорци — — — | 25 | 18 |
| 70.08 | Сигурносно стакло, па и фазонирано, што се состои од калено стакло или е добиено од два или повеќе листови меѓусебно слепени — — | 28 | 20 |
| 70.09 | Огледала од стакло, урамени или не — — — — — — — — | 35 | 25 |
| 70.10 | Шишиња оплетени, шишиња, флакони, бокали, лонци и цевасти контенери и други слични контенери за транспорт и пакување стоки, од стакло; затки, капаци и други затворачи од стакло — — | 35 | 25 |
| 70.11 | Балони (крушки) и цевки од стакло, отворени, незавршени, без опрема, за електрични сијалици, цевки и сл.: | | |
| | 1) Сијалични балони — — — — | 42 | 30 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 42 | 30 |
| 70.12 | Ампули — шишиња од стакло за изолирани садови, завршени или не — — — — — — — | 14 | 10 |
| 70.13 | Изработки од стакло, за астал, за кујна, тоалет, канцеларија, украси на простории или за слични потреби, освен предметите од тар. бр. 70.19: | | |
| | 1) Шупливо стакло — — — — | 50 | 40 |
| | 2) Огноотпорни садови — — — | 50 | 40 |
| | 3) Предмети од кристал, па и брусени — — — — — — — | 60 | 50 |
| 70.14 | Изработки од стакло за осветление, сигнализација и прости оптички предмети: | | |
| | 1) Рефракторско стакло (за фарови и сл.) — — — — — — | 42 | 30 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 42 | 30 |
| 70.15 | Стакла за часовници и сатови, за прости очила и сл., испупчени, лачни и слични, вклучувајќи ги шупливите топки и сегменти: | | |
| | 1) Обично стакло за очила (неоптичко) — — — — — — — | 35 | 25 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 35 | 25 |
| 70.16 | Коцки за калдрма, тули, парчиња, керамиди и слични предмети од леано стакло, па и армирано, за градежи и конструкции; стакла тн. повеќеќелични или пепливи стакла во блокови, плочки, плочи и школки — — — — — — — | 20 | 15 |
| 70.17 | Изработки од стакло за лабораториски, хигиенски и фармацеутски потреби, па и гравирани или калибрирани; ампули за серуми и слични предмети: | | |
| | 1) Ампули — — — — — — | 14 | 10 |
| | 2) Лабораториско стакло и друго техничко стакло — — — — | 35 | 25 |
| | 3) Стапчиња — — — — — — | 35 | 25 |
| | 4) Цевки и капилари — — — | 14 | 10 |
| | 5) Друго — — — — — — — | 35 | 25 |
| 70.18 | Оптичко стакло и елементи од оптичко стакло и стакла за медицински очила, освен оптичките елементи оптички обработени — — | 5 | Сл. |
| 70.19 | Перли од стакло, имитации на бисер и скапоцени камења и слични предмети од стакло; коцки, каменчиња, плочки, фрагменти и парчиња (па и на подлога), од стакло, за мозаик и слични украси; вештачки очи од стакло, освен протези, вклучувајќи ги и очите за детски играчки; ситни предмети обработени на дувалки — — — | 70 | 60 |
| 70.20 | Волна од стакло, влакна од стакло и изработки од овие материи: | | |
| | 1) Стаклена волна — — — — | 42 | 30 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 42 | 30 |
| 70.21 | Други изработки од стакло — — | 60 | 50 |

* На стоките од оваа точка може да се примени членот 15 од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|

ОДДЕЛ XIV — ВИСТИНСКИ БИСЕРИ, СКАПОЦЕНИ КАМЕЊА И СЛИЧНО; БЛАГОРОДНИ МЕТАЛИ; МЕТАЛИ ПЛАКИРАНИ ИЛИ ДУБЛИРАНИ СО БЛАГОРОДНИ МЕТАЛИ И ИЗРАБОТКИ ОД ОВИЕ МАТЕРИИ; ЛАЖЕН НАКИТ; МЕТАЛНИ ПАРИ

**Глава 71 — Вистински бисери, скапоцени камења и слично; благородни метали; метали плакирани или дублирани со благородни метали и изработки од овие метали: лажен ќакит**

Забелешки:

1. При исклучоците од ставот 1 на забелешката 1 кон одделот VI и при долу наведените исклучоци, се распоредуваат исклучиво во оваа глава предметите што се состојат сосема или делумно:

1) од бисер или од скапоцени или полускапоцени камења природни, вештачки или реконституирани;

2) од благородни метали или од метали плакирани (обложени) со благородни метали.

2. Тар. бр. 71.12, 71.13 и 71.14 не опфаќаат предмети во кои благородните метали или плакираните (обложените) благородни метали се наоѓаат само како незначителен составен дел, или имаат украс (на пример: монограми, прстени, рамки). И одредбата под 2 на забелешката 1 не опфаќа такви предмети.

Тар. бр. 71.15 опфаќа само предмети што не содржат благороден метал или плакиран (обложен) благороден метал или ги содржат само во помал процент.

3. Оваа глава не опфаќа:

1) амалгами од благороден метал и благородни метали во парчиња (тар. бр. 28.49);

2) стерилни хируршки предмети за зашивање, забарски материјали за полнење и други предмети што спаѓаат во главата 30;

3) предмети што спаѓаат во главата 32, на пример: течни средства за мазнење;

4) рачни торби и други предмети што спаѓаат во тар. бр. 42.02 или 42.03;

5) стоки од тар. бр. 43.03 или 43.04;

6) стоки што спаѓаат во одделот XI (текстилни ткаенини и изработки од нив);

7) обувки (глава 64) и шапки и капи (глава 65);

8) чадори, бастуни и други предмети од главата 66;

9) пафтала и рачни пафтала, од тар. бр. 67.05;

10) метални пари (глава 72 или 99);

11) стоки од материи за чистење или полирање, што спаѓаат во тар. бр. 68.04, 68.05, 68.06 или алатки од главата 82, што содржат прав од скапоцени или полускапоцени камења (природни или вештачки); стоки од главата 82 со дел — работилица од скапоцени или полускапоцени камења (природни, вештачки или реконституирани) на подлога од прост метал; машини, механичка опрема и електрични стоки и нивни делови што спаѓаат во одделот XVI, ако такви предмети не се изработени сосем од скапоцени или полускапоцени камења (природни, вештачки или реконституирани);

12) стоки што спаѓаат во главите 90, 91 или 92 (научни инструменти, часовници или музички инструменти);

13) оружје и делови од оружје (глава 93);

14) предмети што ги опфаќа забелешката 2 кон главата 97;

15) предмети што спаѓаат во тарифните броеви од главата 98, освен тар. бр. 98.01 и 98.12;

16 оригинални скулптури и статуи — кипови (тар. бр. 99.03), колекциски предмети (тар. бр. 99.05) и старински предмети стари над сто години (тар. бр. 99.06), освен бисерот и скапоцените или полускапоцените камења.

4. Изразот „бисери“ опфаќа и култивирани бисери.

Изразот „благороден метал“ опфаќа сребро, злато, платина и други метали од платинска група.

Изразот „други метали од платинска група“ опфаќа: иридиум, осмиум, паладиум, родиум и рутениум.

5. Во оваа глава која и да е легура (вклучувајќи ги и синтеризираните смесови) што содржи благороден метал, се смета како легура од благороден метал, ако кој и да е благороден метал сочинува составен дел од 2% според тежината на легурата.

Другите легури (вклучувајќи ги тука синтеризираните смесови), што содржат помалку од 2% благороден метал се сметаат како да не содржат благороден метал. Легурите на благородни метали се распоредуваат на следниот начин:

1) легурата што по тежина содржи 2% или повеќе платина, се смета како легура на платина;

2) легурата што по тежина содржи 2% или повеќе злато но не платина, или помалку по тежина од 2% платина, се смета само како легура на злато;

3) сите други легури што ѝ припаѓаат на оваа глава се сметаат како легури на сребро.

Во смисла на оваа забелешка металите од платинска група треба да се сметаат како еден метал и се третираат како платина.

6. Ако некаде изречно не е определено поинаку, секое повикување во овие забелешки или на друго место во оваа тарифа — на благородните метали или посебно на некој благороден метал, се смета како повикување и на легурите третирани како легури од благородни метали или од прости метали, во согласност со одредбата од забелешката 5 кон оваа глава, но не на облоги од благороден метал или на прост метал или неметал платиниран или посребрен или позлатен.

7 Изразот „плакиран (превлечен) благороден метал“ значи: на прост метал, на една или повеќе површини, додадена превлека од благороден метал со спојување, приковување, ковање, заварување, по топол или сличен механички пат. Овој израз опфаќа и прост метал со вметнат благороден метал.

8. Во тар. бр. 71.12 изразот „предмети за украси и накит“ означува:

1) сите помали предмети за лично украсување (на пример: прстење, бразлетни, обетки, брошеви, бурми, синџири за часовници, синџирчиња, висулки, украси за кравати, алки, копчиња за манжетни, верски и други медали и значки);

2) предмети за лична употреба од сите видови што обично се носат во џебови, торби, рачни торби и слично (кутии за цигари, кутии за пудер, дозни, кутии за мирис).

9 Во тар. бр. 71.13 изразите „предмети на златарството или кујунџиски стоки“ вклучуваат такви предмети за украсување, за на маса, тоалетни предмети, прибор за пушење и други предмети за домаќинство, канцеларии и верски обреди.

10. Во тар. бр. 71.16 изразот „лажен накит“ означува јувилерски предмети од забелешката 8 под 1, но не вклучувајќи ги обетките, брошевите, бразлетните или другите предмети од тар. бр. 98.01 или чешлите за украсување, шнолите за коса и слично од тар. бр. 98.12, ако не содржат бисери, скапоцени или полускапоцени камења (природни, вештачки

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|

или реконституирани), ниту (освен поситните украси и додатоци) благородни метали и ако се составени:

1) сосема или делумно од прост метал, платиниран, позлатен или посребрен;

2. Во тар. бр 96.03 изразите „приготвени снопови за метларски и четкарски предмети" опфаќаат само ненаместени — немонтирани јазли и повесма-китки од животинска длака, растителни влакна или од други материјали, што се готови за спојување без делба — во метли или четки, или што бараат само помали понатамошни процеси, како: лепење или превлекување на подебели краишта, или украсување на форма при врвот, за да бидат приготовени за такво вградување.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 96.01 | Метли и четки, изработени од шипје или од други растениски материјали, врзани во сноп, со или без дршка — — — — — — | 13 | 10 |
| 96.02 | Четкарски изработки (четки за стругање, четкици-кистови и сл.), вклучувајќи ги и четките што сочинуваат составен дел од машини; валци за малање, бришачи од каучук или од други слични меки материи: | | |
| | 1) четкици за заби — — — — | 45 | 35 |
| | 2) четки-кистови, четкици за бричење и други четкарски производи — — — — — — | 40 | 30 |
| | 3) Друго — — — — — — | 40 | 30 |
| 96.03 | Приготвени снопови за метларски и четкарски предмети — — — | 40 | 30 |
| 96.04 | Метлички од пердув — — — — | 52 | 40 |
| 96.05 | Пуфни и пуфнички за пудер од кој и да е материјал — — — — | 65 | 50 |
| 96.06 | Рачни сита и рачни решета од кој и да е материјал — — — — | 40 | 30 |

**Глава 97 — Играчки, предмети за друштвени игри, предмети за разонода и спорт**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) свеќички за китење елки (тар. бр. 34.06);

2) уреди за огномети и други пиротехнички предмети, што спаѓаат во тар. бр. 36 05;

3) предива, жици, конци или жици од црева, за рибарството, сечени по должина но ненаместени како рибарски стракови, што спаѓаат во главата 39, тар. бр. 42.06 или одделот XI;

4) спортски торби или други завои, од тар. бр. 42.02 или 43.03;

5) спортски облекла или облекла за балови под маски и облекла за забава, од текстилни материјали, што спаѓаат во главата 60 или 61;

6) знамиња од текстил или материјал за правење знамиња или крилја за лаѓи или едрилици, што спаѓаат во главата 62;

7) спортски обувки (освен обувките за лизгање со прицврстени лизгалки), доколеници за крикет и слично, што спаѓаат во главата 64 и спортски шлемови, што спаѓаат во главата 65;

8) планинарски стапови, стапови за пецање, корбачи, камшици и слично (тар. бр. 66.02) и нивни делови (тар. бр. 66.03);

9) немонтирани стаклени очи за кукли и други играчки, што спаѓаат во тар. бр. 70.19;

10) делови за општа употреба, што се дефинирани во забелешката 2 кон одделот XV;

11) предмети што спаѓаат во тар. бр. 83.11;

12) спортски возила (освен санките со лизгалки, тобоганите и сл.), што спаѓаат во одделот XVII;

13) детски велосипеди со гуми и кугл-лагери, од нормална форма како велосипеди за возрасни (тар. бр. 87.10);

14) спортски пловила, како: кајаци, каноа и скифови (глава 89) или средства за нивното задвижување (глава 44), ако се изработени од дрво;

15) очила, заштитни очила за работа и спорт и за игри во слободен простор (тар. бр. 90.04);

16) предмети за довикување и пишталки (тар. бр. 92.08);

17) оружје и други предмети од главата 93;

18) жици за рекети, шатори и други стоки за логорување (кампинг) и нараквици (што се распоредуваат според материјалот од кој се изработени).

2. Тарифните броеви од оваа глава ги вклучуваат предметите во кои бисерите, скапоцените или полускапоцените камења (природни, синтетички или реконституирани), благородните метали или обложените благородни метали сочинуваат само незначителен дел од предметот.

3. Во тар. бр. 97.02 изразот „кукли" опфаќа само предмети што претставуваат човечки суштества.

4. Некомплетен или незавршен предмет се распоредува со соодветниот комплетен или завршен предмет, ако има суштествени својства на тој комплетен или завршен предмет.

5. Со резерва на забелешката 1 и оваа глава, деловите или додатоците годни за употреба единствено или главно со предмети што спаѓаат во оваа глава, се распоредуваат со тие предмети.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 97.01 | Колички и возила со тркала за забавање деца, како: велосипеди, тротинети, механички коњи, автомобили со педала, колички за кукли и сл.: | | |
| | 1) Детски велосипеди — — — | 32 | 25 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 32 | 25 |
| 97.02 | Кукли од сите видови: | | |
| | 1) Кукли од пластични материи — | 32 | 25 |
| | 2) Кукли од каучук — — — — | 19 | 15 |
| | 3) Други — — — — — — — | 32 | 25 |
| 97.03 | Други играчки; модели за игра и забава: | | |
| | 1) Без механизам — — — — | 45 | 30 |
| | 2) Со механизам — — — — — | 57 | 40 |
| 97.04 | Предмети за друштвени игри (вклучувајќи ги и оние со мотор и механичките игри за јавно користење, масите за пинг-понг, масите за билијар и специјалните маси за казино): | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | 1) Карти за играње — — — — | 78 | 60 |
| | 2) Топки за пинг-понг — — — | 52 | 40 |
| | 3) Маси за пинг-понг — — — | 26 | 20 |
| | 4) Друго — — — — — — — | 78 | 60 |
| 97.05 | Предмети за забави и свечености, прибор за игранки, сл. предмети и прибор за новогодишни елки и слични предмети за празници (вештачки елки, украси, човечки и животински фигури итн.) — — | 78 | 60 |
| 97.06 | Предмети, справи и реквизити за гимнастика, атлетика, спорт и игри во природа (освен оние што спаѓаат во тар. бр. 97.04): | | |
| | 1) Топки за тенис — — — — | 13 | 10 |
| | 2) Смучки, стапови за скок во височина и копја — сè од дрво | 26 | 20 |
| | 3) Лизгалки — — — — — | 13 | 10 |
| | 4) Ролшуи-возалки — — — — | 13 | 10 |
| | 5) Метални стапови за скок во височина — — — — — | 13 | 10 |
| | 6) Перки за подводен риболов — | 52 | 40 |
| | 7) Спортски и гимнастички прибор од дрво и други спортски реквизити — — — — — — | 26 | 20 |
| 97.07 | Јадици, рачни мрежи за извлекување риби и за фаќање пеперуди, предмети за пецање; вештачки птици, мамци, блинкери и слични предмети за лов и риболов: | | |
| | 1) Јадици — — — — — — | 40 | 30 |
| | 2) Чекрци — — — — — — | 30 | 20 |
| | 3) Најлон-конец — — — — | 50 | 40 |
| | 4) Стапови за пецање — — — | 30 | 20 |
| | 5) Мамци — — — — — — — | 30 | 20 |
| | 6) Друго — — — — — — — | 30 | 20 |
| 97.08 | Вртелешки, рингишпили, штандови за гаѓање и други забавни уреди; патувачки циркуси, менажерии и театри — — — — — | 40 | 30 |

**Глава 98 — Разни изработки**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) моливи за веѓи и други козметички моливи (тар. бр. 33.06);

2) копчиња, алки, шноли и други предмети опишани во тар. бр. 98.01 и 98.12, изработени сосема или делумно од благородни метали или обложени со благородни метали (со забелешката 2 под 1 кон главата 71), или ако содржи бисери или скапоцени или полускапоцени камења (природни, вештачки или реконституирани) — (глава 71);

3) делови за општа употреба, дефинирани во забелешката 2 кон одделот XV;

4) перца за техничко цртање (тар. бр. 90.16);

5) детски играчки, што спаѓаат во главата 97.

2. Во врска со забелешката 1 од оваа глава, тарифните броеви во оваа глава ги опфаќаат стоките опишани во нив ако тие во целина или делумно се составени од благороден метал или валан — истенчен благороден метал или од бисер, од скапоцени или полускапоцени камења (природни, вештачки или реконституирани).

3. Сандаците, кутиите и слични завои (контенери) увезени со предмети од оваа глава, се распоредуваат со таквите предмети ако се од таков вид што нормално да се продаваат со односните предмети. Сандаците, кутиите и слични завои (контенери) увезени одвоено, се распоредуваат во нивните соодветни тарифни броеви.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 98.01 | Копчиња, копчиња што се затвораат со притискување (дрикери); копчиња за манжетни и слични (вклучувајќи ги и недовршените и оформените копчиња и деловите од копчиња): | | |
| | 1) Копчиња метални, освен од благородни метали — — — — | 36 | 30 |
| | 2) Копчиња за манжетни — — | 55 | 45 |
| | 3) Копчиња од седеф — — — | 65 | 50 |
| | 4) Копчиња што се затвораат со притискување (дрикери) — — | 55 | 45 |
| | 5) Стаклени копчиња и копчиња од пластични материи — — | 65 | 50 |
| | 6) Друго — — — — — — | 65 | 50 |
| 98.02 | Затворачи на повлекување (рајсфершлуси) и нивни делови — — | 71 | 55 |
| 98.03 | Држалки за перца; пенкала и патент-моливи; држалки за моливи и сл.; нивни делови и прибор (навлаки, закачки итн.), освен предметите од тар. бр. 98.04 и 98.05: | | |
| | 1) Пенкала — — — — — — | 50 | 40 |
| | 2) Патент-моливи — — — — | 50 | 35 |
| | 3) Хемиски моливи — — — — | 50 | 43 |
| | 4) Гарнитури на стоки од точ. 1 до 3 — — — — — — — | 50 | 40 |
| | 5) Друго — — — — — — | 50 | 40 |
| 98.04 | Перца за пишување и врвови од перца за пишување: | | |
| | 1) Перца за пенкала, од сите метали — — — — — — — | 32 | 25 |
| | 2) Перца за цртање — „редис" — | 32 | 25 |
| | 3) Перца за пишување и за извлекување — — — — — — | 32 | 25 |
| 98.05 | Моливи (подразбирајќи ги и моливите од шкрилци-кондилите), мини за моливи, пастели, јаглен за цртање и пишување, креди за пишување и цртање; кројачка и билијарска креда: | | |
| | 1) Моливи — — — — — — | 25 | 20 |
| | 2) Креди за пишување и цртање | 32 | 25 |
| | 3) Друго — — — — — — — | 19 | 15 |
| 98.06 | Таблици и плочи од шкрилци за пишување и цртање, со рамови или без нив — — — — — — | 13 | 10 |
| 98.07 | Рачни печати, жигови, нумератори, датумари и слични предмети, рачни слагачки штички и рачни печатарски слогови што ги содржат такви штички — — — — — | 32 | 25 |
| 98.08 | Ленти за машини за пишување, сметање и за слични машини, натопени со мастило или боја, на калеми или не; перничиња за штембили, со кутии или без нив: | | |
| | 1) Ленти за машини за пишување, сметање и слични машини | 32 | 25 |
| | 2) Друго — — — — — — — | 32 | 25 |
| 98.09 | Печатен восок (вклучувајќи го и восокот за запечатување на шишиња) во стапчиња, колаци или слични форми, пасти за копирање врз база на желатин, печатарски валци, со подлога од хартија или текстил — — — — — — — | 32 | 25 |
| 98.10 | Механички и слични запалки, вклучувајќи ги хемиските и електричните запалки; делови од запалки, исклучувајќи ги кремењата и фитилите — — — — — — | 76 | 60 |
| 98.11 | Лулиња за пушење, глави, дршки и други делови за лулиња (вклучувајќи ги и грубо обработените парчиња од дрво или корења); цигарлоци за пури и цигари, и нивни делови — — — — — — — | 58 | 45 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 98.12 | Чешли за чешлање, украсни чешли, фуркети и слични предмети: | | |
| | 1) Од пластични материи — — | 52 | 40 |
| | 2) Од тврд каучук — — — — | 52 | 40 |
| | 3) Друго — — — — — — — — | 52 | 40 |
| 98.13 | Прачки за стезници, за облекло или за прибор за облекло и слично | 49 | 35 |
| 98.14 | Штркалки за мириси и слично што се употребуваат за тоалетни цели, нивни затворачи и глави — | 65 | 50 |
| 98.15 | Термос-шишиња и други изолирани садови комплетни; нивни делови (освен шишања од стакло) | 42 | 35 |
| 98.16 | Кројачки кукли и манекени, автомати и други подвижни фигури што служат за уредување излози | 35 | 25 |

ОДДЕЛ XXI — ПРЕДМЕТИ НА УМЕТНОСТА, НА КОЛЕКЦИИ И СТАРИНИ

**Глава 99 — Предмети на уметноста, на колекции и старини**

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) неупотребени поштенски, таксени и слични марки, што се во оптек или новоиздадени во земјата за која се наменети (тар. бр. 49.07);

2) малани платна за декори на театри, позадински платна за студија и слично (тар. бр. 59.12);

3) бисери и скапоцени или полускапоцени камења (тар. бр. 71.01 или 71.02).

2. Во тар. бр. 99.02 изразите „оригинални гравури, отисоци и литографии" означуваат отисоци произведени директно, во црно-бело, или во боја, со една или повеќе плочи сосема изработени со рака на уметникот, без оглед на техниката или материјалот употребен за тоа, но не вклучувајќи кој и да е механички или фотомеханички процес на изработката.

3. Тар. бр. 99.03 не опфаќа во маса произведени репродукции или дела на конвенционалното занаетчиство, од комерцијален карактер.

4. Под резерва на забелешките 1 до 3 од оваа глава, предметите што спаѓаат во тарифните броеви од оваа глава а според своите својства би можеле да се распоредат и во други глави, се распоредуваат во кој и да е од тарифните броеви на главата 99, а не на некоја друга глава од оваа тарифа.

Тар. бр. 99.06 не опфаќа предмети што спаѓаат во кој и да е од претходните тарифни броеви на оваа глава.

5. Рамовите за слики, цртежи, пастели, гравури, отисоци или литографии се смета дека сочинуваат делови од тие предмети, ако се од нормална вредност во однос на тие предмети.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 99.01 | Слики, цртежи и пастели изработени во потполност со рака (освен индустриските цртежи што спаѓаат во тар. бр. 49.06 и занаетчиските производи сликани и украсени со рака) — — — — | 5 | Сл. |
| 99.02 | Оригинални гравури, отисоци и литографии — — — — — — | 5 | Сл. |
| 99.03 | Оригинални скулптури и кипови од кој и да е материјал — — — | 5 | Сл. |
| 99.04 | Поштенски марки за франкирање, порто и слични марки (вклучувајќи ги и поштенските ознаки, целини, итн.), таксени марки и сл. употребени, или неупотребени но кои не се или нема да бидат во оптек во земјата на намената — | 5 | Сл. |
| 99.05 | Збирки и примероци за зоолошки, ботанички, минералошки, анатомски, историски, археолошки, палеонтолошки, етнографски или нумизматички збирки — — — — | 5 | Сл. |
| 99.06 | Антиквитети, стари над 100 години | 5 | Сл. |

## 71.

Врз основа на членот 37 став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62), и членот 71 од Уредбата за девизното работење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 2/61 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 26/63), Сојузниот секретаријат за надворешна трговија и Сојузниот секретаријат за финансии издава

# НАРЕДБА
## ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА УВОЗОТ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ОД СТРАНА НА ГРАЃАНИТЕ

1. Граѓаните можат да увезуваат моторни возила (патнички автомобили и моторцикли) ако ги купуваат со девизите што ги држат на сметка или штеден влог кај Народната банка во смисла на одредбите од Наредбата за располагањето со странските средства за плаќање што ќе ги остварат граѓаните („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/59 и 36/62 и Наредбата за девизните сметки на југословенските државјани што имаат постојано живеалиште во странство и за штедните влогови во странски средства за плаќање на иселениците и иселениците-повратници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 36/62).

2. Моторни возила можат да увезуваат и кога не ги купуваат на начинот определен во точката 1 од оваа наредба:

1) југословенски и странски државјани што се доселуваат на постојан престој во Југославија, ако поминале во странство најмалку пет години;

2) лицата што со моторното возило се здобиле по основот на наследство;

3) лицата што моторното возило ќе го прибават од надоместокот добиен на име осигурување за уништено возило платено во девизи.

3. Граѓаните што моторното возило го увезуваат на начинот од точката 1 на оваа наредба се должни при увозот да ѝ поднесат на царинарницата преку која го увезуваат, потврда од Народната банка дека плаќањето на моторното возило го извршила таа од нивната сметка.

4. Лицата што моторното возило го увезуваат врз основа на точката 2 под 1 од оваа наредба, се должни при увозот да ѝ поднесат на царинарницата преку која го увезуваат, потврда од дипломатското односно конзуларното претставништво на СФРЈ во земјата во која се наоѓале, дека во странство поминале најмалку 5 години.

Лицата што моторното возило го увезуваат врз основа на точката 2 под 2 на оваа наредба, се должни при увозот да ѝ ја поднесат на царинарницата преку која го увезуваат одлуката за наследување на моторното возило издадена од надлежниот орган на земјата во која оставителот живеел, или потврда дека тие моторното возило го наследиле, издадена од дипломатското односно конзуларното претставништво на СФРЈ во таа земја.

Лицата што моторното возило го увезуваат врз основа на точката 2 под 3 од оваа наредба, се должни при увозот да ѝ поднесат на царинарницата преку која го увезуваат потврда издадена од Југословенската заедница на осигурувањето дека моторното возило го прибавиле од надоместокот добиен на име осигурување за уништено возило платено во девизи.

5. Лицата што врз основа на Наредбата за регулирање на увозот на моторни возила од страна на граѓани („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), имале право на увоз на моторно возило и со сопственоста на моторното возило се здобиле на денот на влегувањето во сила на оваа наредба, можат да го увезат возилото независно од одредбата на точката 1 од оваа наредба.

6. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за регулирање на увозот на моторни возила од страна на граѓани („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63).

7. Оваа наредба влегува во сила на 1 февруари 1964 година.

П. бр. 5003
16 јануари 1964 година
Белград

Сојузен секретар
за надворешна трговија,
**Никола Џуверовиќ**, с. р.

Сојузен секретар
за финансии,
**Киро Глигоров**, с. р.

**72.**

Врз основа на точката 24 став 2 од Одлуката за спроведување мерките за општата кредитна политика во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/64), Сојузниот секретаријат за финансии донесува

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ КРЕДИТИ ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНОВИ ЗА ПАЗАРОТ

1. Во Наредбата за условите за одобрување кредити за изградба на станови за пазарот („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/63) во точката 1 став 2 во третиот и осмиот ред процентот: „5%" се заменува со процентот: „10%".

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 2-420/4
17 јануари 1964 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
**Киро Глигоров**, с. р.

**73.**

Врз основа на точката 4а од Одлуката за определување на највисоките продажни цени за одделни производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/61 и 12/61), во врска со членот 5 од Уредбата за основување и укинување на определени сојузни органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/62), во согласност со Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика, Сојузниот секретаријат за општи стопански работи издава

## НАРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ЛЕКОВИ

1. Во Наредбата за определување на највисоките продажни цени на определени лекови („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/63 и 35/63) во точката 1 по одредбата под 96 се додаваат нови одредби под 97 до 135, кои гласат:

| | | | |
|---|---|---|---|
| „97) Alfucin, маст, — „Алкалоид" | 10 g | туба | 145 |
| 98) Alfuran, таблети, — „Алкалоид" | 20 × 100 mg | кутија | 1.350 |
| 99) Aqua redestillata, ампули, — „Алкалоид" | 50 × 2 ccm | „ | 850 |
| 100) Aqua redestillata, ампули, — „Алкалоид" | 50 × 5 ccm | „ | 1.335 |
| 101) Aqua redestillata, ампули, — „Алкалоид" | 50 × 10 ccm | „ | 1.920 |
| 102) Ateroid, дражеи, — „Лек" | 500 драж. | „ | 36.500 |
| 103) Bebivit, — „Југодијететика" | 450 g | „ | 600 |
| 104) Boral, маст, — „Алкалоид" | 25 g | туба | 60 |
| 105) Chemochin, таблети, — „Југодијететика" | 30 ×0,25 g | шишенце | 590 |
| 106) Chemochin, таблети, — „Југодијететика" | 100 ×0,25 g | „ | 1.750 |
| 107) Chloraethy, ампули, — „Крка" | 100 ccm | кутија | 900 |
| 108) Chloraethy, ампули, — „Крка" | 50 ccm | „ | 650 |
| 109) Chloramphenicol, капсули, — „Галеника" | 100 × 250 mg | шишенце | 4.250 |
| 110) Chloramphenicol, капсули, — „Галеника" | 500 × 250 mg | „ | 20.000 |
| 111) Chloramphenicol, капсули, — „Галеника" | 1000 × 250 mg | „ | 38.000 |
| 112) C-Vitamin, таблети, — „Алкалоид" | 50 ×0,05 g | „ | 85 |
| 113) Dihydroergotamin, solutio, — „Лек" | 15 ccm | „ | 1.646 |
| 114) Esucos, таблети, — „Лек" | 30 ×0,25 g | „ | 585 |
| 115) Eupramin, ампули, — „Југодијететика" | 10 × 2 ccm | кутија | 1.028 |
| 116) Eupramin, ампули, — „Југодијететика" | 50 × 2 ccm | „ | 4.706 |
| 117) Eupramin, дражеи, — „Југодијететика" | 50 × 25 mg | шишенце | 855 |
| 118) Eupramin, дражеи, — „Југодијететика" | 200 × 25 mg | „ | 3.250 |
| 119) Griseofulvin, таблети, — „Крка" | 25 × 250 mg | „ | 2.900 |
| 120) Laktacid, — „Југодијететика" | 450 g | кутија | 600 |
| 121) Laktovit, — „Југодијететика" | 450 g | „ | 600 |
| 122) Lekozid, solutio, — „Лек" | 10 ccm | „ | 556 |
| 123) Leptosuccin, ампули 5%, — „Плива" | 10 × 2 ccm | „ | 610 |
| 124) Leptosuccin, ампули 5%, — „Плива" | 50 × 2 ccm | „ | 2.800 |
| 125) Leucoplast, — „Галеника" | 5 × 18 cm | парчиња | 2.100 |
| 126) Neolac, — „Југодијететика" | 450 g | кутија | 810 |
| 127) Nicopas, дражеи, — „Галеника" | 250 драж. | „ | 945 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 128) Nicopas, — дражеи, — „Галеника" | 500 драж. | кутија | 1.890 |
| 129) Novabol, таблети, — „Алкалоид" | 20 × 1 mg | „ | 307 |
| 130) Novabol, таблети, — „Алкалоид" | 20 × 5 mg | „ | 865 |
| 131) Opodeldoch, — „Алкалоид" | 50 g | теглица | 90 |
| 132) Plibex, ампули — лиофилизирани, — „Плива" | 5 amp. liofiliz. — 5 × 2 ccm Aq. dest. | кутија | 580 |
| 133) Plivacombin, — „Плива" | 50 × 1 boč. | кутија | 8.500 |
| 134) Polizym, дражеи, — „Крка" | 40 драж. | шишенце | 570 |
| 135) Prednison, таблети, — „Алкалоид" | 10 × 5 mg | цевчица | 300 |
| 136) Prednison, таблети, — „Алкалоид" | 250 × 5 mg | кутија | 6.000 |
| 137) Rhamna Granulat, гранули, — „Шумапродукт" | 50 g | кесиче | 90 |
| 138) Redergin, solutio, — „Лек" | 15 ccm | шишенце | 995 |
| 139) Rheumin, маст, — „Алкалоид" | 25 g | туба | 112 |
| 140) Sintral, ампули, — „Југодијететика" | 5 × 1 ccm | кутија | 520 |
| 141) Sintral, ампули, — „Југодијететика" | 50 × 1 ccm | „ | 4.285 |
| 142) Sintral, таблети, — „Југодијететика" | 20 × 25 mg | шишенце | 340 |
| 143) Sintral, таблети, — „Југодијететика" | 100 × 25 mg | „ | 1.500 |
| 144) Straminol, pulvis, „Крка" | 20 × 5 g | кутија | 1.258 |
| 145) Terfluzine, таблети, — „Алкалоид" | 100 × 0,01 g | „ | 2.875 |
| 146) Tetrabiocin, капсули, — „Галеника" | 8 kaps. | „ | 1.950 |
| 147) Ursin Granulat, гранули, — „Шумапродукт" | 50 g | кесиче | 90 |
| 148) Vasocor, лингвалети, — „Југодијететика" | 50 × 10 mg | шишенце | 450 |
| 149) Vitamin B1, таблети, — „Алкалоид" | 30 × 10 mg | кутија | 80 |
| 150) Vitamin B1, таблети, — „Алкалоид" | 20 × 50 mg | „ | 150 |
| 151) Vitamin B12, ампули 50 gama, — „Крка" | 100 × 1 ccm | „ | 4.500 |
| 152) Vitamin B12, ампули 100 gama, — „Крка" | 100 × 1 ccm | „ | 5.800 |
| 153) Vitamin B12, ампули 500 gama, — „Крка" | 100 × 1 ccm | „ | 16.300" |

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи цената за Chamomillae flos определена во Ценовникот на лековите што ги издаде Управата за фармацеутска служба и медицинско снабдување под бр. 08-390/4 од 18 јули 1961 година.

3. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1657
15 ноември 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за општи стопански работи,
**Хакија Поздерац**, с. р.

---

**74.**

Врз основа на членот 4 став 4 од Законот за давање надоместок на општествените фондови и банките за отпишаните кредити и за регулирање на кредитните односи на работните организации и на граѓаните на територијата на град Скопје („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот секретаријат за финансии пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА НАЧИНОТ НА ОТПИШУВАЊЕ ОДДЕЛНИ КРЕДИТИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРАД СКОПЈЕ ШТО ПРЕТРПЕЛЕ ШТЕТА ПОРАДИ ЗЕМЈОТРЕСОТ

1. Отпишувањето на одделни кредити на стопанска организација на територијата на град Скопје која има обврски по повеќе кредити, а претрпела поради земјотресот штета која изнесува помалку од нејзините вкупни обврски по кредитите, предвидено со членот 4 став 2 од Законот за давање надоместок на општествените фондови и на банките за отпишаните кредити и за регулирање на кредитните односи на работните организации и на граѓаните на територијата на град Скопје, банките го вршат на начинот предвиден со ова упатство.

2. Во случај од точката 1 на ова упатство кредитите се отпишуваат по следниов ред, и тоа:

1) за штета на уништени или оштетени предмети што сочинуваат основни средства — прво кредитите за основни средства, потоа кредитите за трајни и, најпосле, кредитите за повремени обртни средства;

2) за штета на уништени или оштетени предмети што сочинуваат обртни средства — прво кредитите за обртни средства (трајни или повремени), а потоа кредитите за основни средства.

3. Ако стопанската организација има обврски по повеќе кредити за основни односно за обртни средства, прво се отпишуваат кредитите употребени за купување на уништените или оштетените предмети, а потоа другите кредити — во смисла на одредбите од точката 2 на ова упатство, и тоа по редот што ќе го определи самата стопанска организација.

4. Банките ги отпишуваат кредитите врз основа на соодветното барање на стопанската организација, кое содржи:

1) вкупен износ на претрпената штета, со потребна документација од која може да се види на кои предмети е претрпена штетата и со решение од Службата на општественото книговодство за исправноста на извршениот попис во смисла на точката 14 став 2 од Наредбата за спроведување попис (инвентура) кај стопанските организации од подрачјето на град Скопје („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/63);

2) износите на кредитите што треба да се отпишат, со кратко образложение од кое се гледаат причините со кои се раководела стопанската организација при својот избор.

Стопанската организација што има обврски по кредитите кај повеќе банки, е должна во своето барање за отпишување на кредитите да ги наведе основните податоци за сите кредити што ги користела на 26 јули 1963 година со означување на банката — доверител.

Како основни податоци во смисла на ставот 2 од оваа точка се подразбираат: вкупниот износ на кредитот при неговото одобрување, износ на долгот на 26 јули 1963 година, рокови и други услови за отплатување, интересна норма, намена на кредитот и слично.

Ако стопанската организација бара отпишување на кредити од повеќе банки, ќе се состави барање со означување на сите кредити што треба да се отпишат и ќе им се достави на сите банки од кои бара отпишување

5. Ако банката при разгледувањето на барањето за отпишување на кредитот утврди дека тоа не е во согласност со Законот за давањето на надоместок на општествените фондови и на банките за отпишаните кредити и за регулирањето на кредитните односи на работните организации и на граѓаните на територијата на град Скопје, односно со одредбите од ова упатство, или дека не е достатно документирано, ќе побара од стопанската оргнизација да го исправи односно дополни барањето.

6. За извршеното отпишување на кредитите банките писмено ја известуваат стопанската организација.

7 Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 2-42-8
23 јануари 1964 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Киро Глигоров,** с. р.

## 75.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ГРАДЕЖНИШТВОТО

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следниве југословенски стандарди:

Цевки и фазонски парчиња од тврд поливинилхлорид за канализација:

| | |
|---|---|
| Услови за квалитетот — — — | JUS G.C6.511 |
| Прави цевки. Форма и мери — — | JUS G.C6.512 |
| Ревизии. Форма и мери — — — | JUS G.C6.513 |
| Двојни наглавки. Форма и мери | JUS G.C6.514 |
| Лакови. Форма и мери — — — | JUS G.C6.515 |
| Редукции. Форма и мери — — | JUS G.C6.516 |
| Чатали еднокраки. Форма и мери | JUS G.C6.517 |
| Чатали двокраки. Форма и мери | JUS G.C6.518 |
| Дилатациони опојници. Форма и мери — — — — — — — — | JUS G.C6.519 |
| Водни затворачи. Форма и мери | JUS G.C6.520 |
| Вентилациони глави. Форма и мери | JUS G.C6.521 |
| Методи на испитувањето — — | JUS G.S3.511 |
| Технички прописи за примена | JUS U.G1.500 |

2. Југословенските стандарди од точката 1 од ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот звод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 од ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1965 година.

Бр. 17-406/1
25 јануари 1964 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ,** с. р

## 76.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ОД ОБЛАСТА НА ЗГРАДАРСТВОТО

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува следниов југословенски стандард:

| | |
|---|---|
| Градежна столарија. Метален довратник за внатрешна еднокрилна врата за станови — — — — — | JUS U.N6.020 |

2. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 мај 1964 година.

Бр. 17-403/1
20 јануари 1964 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ,** с. р.

## 77.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ПРЕСЕЦИТЕ НА РУДНИЧКИТЕ ПОДЗЕМНИ ПРОСТОРИИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следниве југословенски стандарди:

| | |
|---|---|
| Ходници со трапезаста форма, со средно столпче, со 2 колосека, без локомотивска вуча — — — — — — | JUS B.Z0.205 |
| Ускопи-нископи со трапезеста форма, со преграда за проод, со 1 колосек — — — — — — — — | JUS B.Z0.206 |
| Ускопи-нископи со трапезеста форма, со преграда за проод, со 2 колосека — — — — — — — — | JUS B.Z0.207 |
| Ходници со висок свод, со 1 колосек, без локомотивска вуча — — — | JUS B.Z0.208 |
| Ходници со висок свод, со 2 колосека, без локомотивска вуча — — — | JUS B.Z0.209 |

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 мај 1964 година.

Бр. 03-404/1
20 јануари 1964 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ,** с. р.

**78.**

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ОРГАНСКИ СОЕДИНЕНИЈА И ЧИСТИ ХЕМИКАЛИИ

1. Во изданието на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следниве југословенски стандарди:

Дихлордифенилтрихлоретан DDT—технички — — — — — — JUS H.B5.028

Хлороводородна киселина, синтетска — — — — — — — — JUS H.G2.020

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 мај 1964 година.

Бр. 22-405/1
20 јануари 1964 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**инж. Славољуб Виторовиќ**, с. р.

**79.**

Врз основа на чл. 85 и 86 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/59, 9/60, 19/60, 13/61, 27/61, 6/62, 16/62 и 4/63) и чл. 2 и 4 од Законот за формирањето на единствени стопански комори („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62), во смисла на одредбите од Наредбата за договарање за цените по кои земјоделските задруги ќе ги купуваат селскостопанските производи од индивидуалните производители („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/58), претставниците на Сојузната стопанска комора и претставниците на републичките стопански комори, на состанокот одржан на 11 декември 1963 година во Белград, постигнаа

## ДОГОВОР

### ЗА НАЈВИСОКИТЕ ЦЕНИ ПО КОИ ЌЕ СЕ КУПУВААТ СВИЊИ, ГОВЕДА И ОВЦИ НА ПАЗАРИТЕ НА ГОЛЕМО

1. Највисоките цени по кои стопанските организации можат да купуваат свињи, говеда и овци на пазарите на големо не можат да бидат поголеми од цените утврдени со Договорот за највисоките цени на свињи, говеда и овци („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/63).

2. Овој договор е задолжителен врз основа на членот 88 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани за сите стопански организации што имаат право да купуваат свињи, говеда и овци на пазарите на големо.

3. Овој договор влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 21
27 јануари 1964 година
Белград

**Сојузна стопанска комора**

Потпретседател,
**Душан Богданов**, с. р.

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Наредбата за пресметување и надоместок на разликите во износите на данокот на промет на нафтени деривати настанати поради определувањето на новата цена на сурова нафта и новите норми на данокот на промет, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 2/64, се поткраднала долу наведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА НАРЕДБАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И НАДОМЕСТОК НА РАЗЛИКИТЕ ВО ИЗНОСИТЕ НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НАСТАНАТИ ПОРАДИ ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА НОВАТА ЦЕНА НА СУРОВА НАФТА И НОВИТЕ НОРМИ НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Во точката 3 став 2 наместо бројот: „36" треба да стои бројот: „3,60".

Од Сојузниот секретаријат за финансии, Белград, 24 јануари 1964 година.

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Упатството за постапката за контрола на цените во прометот на големо, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 47/63, се поткраднала долу наведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА УПАТСТВОТО ЗА ПОСТАПКАТА ЗА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ ВО ПРОМЕТ НА ГОЛЕМО

Во точката 3 ст. 2 и 3 наместо зборовите: „продажната цена" треба да стои: „разликата во цената".

Од Сојузниот секретаријат за општи стопански работи, Белград, 23 декември 1964 година.

# НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на членот 178 алинеја 3 и членот 236 став 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 14 јануари 1964 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА СОЈУЗНИ СЕКРЕТАРИ

**Се именуваат:**

за заменик на сојузниот секретар за индустрија Винко Хафнер, досегашен потсекретар во Сојузниот секретаријат за индустрија,

за заменик на сојузниот секретар за надворешна трговија Августин Папиќ, досегашен потсекретар во Сојузниот секретаријат за надворешна трговија.

АС бр. 76
17 јануари 1964 година
Белград

**Сојузна скупштина**

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Миjалко Тодоровиќ**, с. р.

# ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ

## СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

„Службени гласник Социјалистичке Републике Србије", во бројот 51 од 14 декември 1963 година објавува:

**Закон** за измени и дополненија на Законот за буџетот на НР Србија за 1963 година.

**Решение** за определување подрачјата на кои мечката (Ursus arctos) се смета како заштитена дивина.

Во бројот 52 од 21 декември 1963 година објавуза само записници од седниците на одделни собори на Собранието на СР Србија.

Во бројот 53 од 25 декември 1963 година објавува:

**Закон** за организацијата и почетокот на работата на одделот на Врховниот суд на Србија во Нови Сад и Приштина;

**Решение** за систематизација на работните места во Државниот архив на СР Србија.

## СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" во бројот 40 од 15 ноември 1963 година објавува:

**Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за распоредување на средствата на сојузната дотација на инвестиции во туризмот;

**Упаство** за изменување и дополнување на Упатството за спроведување на Одлуката за определување на повластици во јавниот меѓумесен линиски автобуски сообраќај („Службен лист на НРМ", бр. 9/63);

**Наредба** за планот за одбрана од поплави во 1963/64 година;

Во бројот 41 од 22 ноември 1963 година објавува:

**Привремен деловник** на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

**Привремен деловник** на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

**Привремен деловник** на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

**Привремен деловник** на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

**Привремен деловник** на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

**Привремен деловник** на Организационо-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

**Одлука** за образување постојани одбори на Социјално-здравствениот собор на Собранието на СРМ;

**Одлука** за образување постојани комисии на Стопанскиот собор на Собранието на СРМ.

Во бројот 42 од 4 декември 1963 година објавува:

**Одлука** за одредување времето за изборите за членови на собранијата на заедниците за здравствено осигурување на земјоделците.

Во бројот 43 од 11 декември 1963 година објавува:

**Уредба** за основање на Завод за техничка помош;

**Уредба** за определување орган на управата кој ќе врши управни работи во областа на радиосообраќајот;

**Одлука** за овластување Административната комисија на Извршниот совет да донесува решенија по работите од надлежноста на Извршниот совет;

**Одлука** за дополнување на Одлуката за условите и начинот под кои ќе се даваат кредити од Републичкиот инвестиционен фонд, наменети за градежништвото;

**Објава** на Републичката изборна комисија за изборите во Изборната единица Неготино.

Во бројот 44 од 18 декември 1963 година објавува:

**Одлука** за доделување новогодишна награда на службениците и работниците на републичките државни органи, установи и организации;

**Решение** за именување претседател на Републичката комисија за верски прашања;

**Решение** за именување директор на Заводот за техничка помош;

**Решение** за разрешување директор на Заводот за водостопанство — Скопје;

**Решение** за назначување инспектор на Републички собраќаен инспекторат;

**Решение** за именување член на Републичката комисија за службенички работи;

**Решение** за именување член на Комисијата за бегалци од Егејска Македонија;

**Решение** за разрешување и именување член на Комисијата за одликувања;

**Решение** за разрешување и назначување помошници на републички секретари.

## СОДРЖИНА


| | | Страна |
|---|---|---|
| 70. | Уредба за измена на Уредбата за Привремената општа царинска тарифа — — | 81 |
| 71. | Наредба за регулирање на увозот на моторни возила од страна на граѓаните — | 163 |
| 72. | Наредба за измена на Наредбата за условите за одобрување кредити за изградба на станови за пазарот — — — — — | 164 |
| 73. | Наредба за дополнение на Наредбата за определување на највисоките продажни цени на определени лекови — — — — | 164 |
| 74. | Упатство за начинот на отпишување одделни кредити на стопанските организации на територијата на град Скопје што претрпеле штета поради земјотресот — | 165 |
| 75. | Решение за југословенските стандарди за градежништвото — — — — — — | 166 |
| 76. | Решение за југословенскиот стандард од областа на зградарството — — — — | 166 |
| 77. | Решение за југословенските стандарди од областа на пресеците на рудничките подземни простории — — — — — — | 166 |
| 78. | Решение за југословенските стандарди за органски соединенија и чисти хемикалии | 167 |
| 79. | Договор за највисоките цени по кои се купуваат свињи, говеда и овци на пазарите на големо — — — — — — — | 167 |
| | Исправка на Наредбата за пресметување и надоместок на разликите во износите на данокот на промет на нафтени деривати настанати поради определувањето на новата цена на сурова нафта и новите норми на данокот на промет — — — | 167 |
| | Исправка на Упатството за постапката за контрола на цените во прометот на големо | 167 |


**Издава: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Ѓуриќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград**